МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ “Г. Р. ДЕРЖАВИН”
СВЕТИ НИКОЛЕ
Факултет за правни науки
Постдипломски студии по казнено право



УЛОГАТА НА ПОЛИЦИЈАТА ВО ОТКРИВАЊЕ ИЛИ ПРЕВЕНЦИЈА НА КРИМИНАЛИТЕТ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ПРИМЕНАТА НА ПОЛИЦИСКИТЕ ОВЛАСТУВАЊА

- магистерски труд –

Ментор

проф. д-р Васко Стамевски

Кандидат

Мики Ивановски

бр. на индекс м217025

Свети Николе

Мики Ивановски

Улогата на полицијата во откривањето или превенцијата на криминалитет со посебен осврт на примената на полициските овластувања

АПСТРАКТ

Во рамките на магистерскиот труд испитана е улогата на полицијата во насока на рано откривање и превенција на криминалитет со посебен осврт на примената на полициските овластувања и притоа се дојде до резултатот дека полицијата во Република Северна Македонија долги години наназад успешно се соочува со предизвикот на безбедноста, односно предизвикот успешно да се влијае на сочувувањето на безбедноста на работењето и дејствувањето на граѓаните коишто својата доверба ја имаат дадено на безбедносните сили. Во структурите на безбедносните единици постојано се вршат перспективни анализи за тоа што може да се случи, кои видови на криминал имаат потенцијал на раст и поради кои причини би дошло до тоа. Притоа, се води контрола и следење на познати сторители на криминални дејствија кои се ризични од повтор и за кои полицијата има најава дека се во фаза на организирани криминални дејствија. Емпириски, се докажа дека полициските единици имаат значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија. АНБ има значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија. ЕБР има значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија. Тигрите имаат значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија.

Клучни зборови: безбедност, криминал, превенција, контрола и полициски единици.

Miki Ivanovski

The role of the police in the detection or prevention of crime with special reference to the application of police powers

ABSTRACT

Within the framework of the master's thesis, the role of the police in the direction of early detection and prevention of criminality was examined, with a special reference to the application of police powers, and the result was reached that the police in the Republic of North Macedonia has been successfully facing the challenge of security for many years, that is the challenge of successfully influencing the preservation of the security of operations and the actions of the citizens who have given their trust to the security forces. In the structures of the security units, prospective analyzes of what can happen, which types of crime have the potential to grow and for what reasons this would occur, are constantly being performed. At the same time, control and monitoring of known perpetrators of criminal acts, who are at risk of repetition and for whom the police have information that they are in the stage of organized criminal acts, is carried out. Empirically, it has been proven that police units have a significant impact on the prevention and suppression of crime in the Republic of North Macedonia. ANB has a significant impact on the prevention and suppression of crime in the Republic of North Macedonia. EBR has a significant impact on the prevention and suppression of crime in the Republic of North Macedonia. The Tigers have a significant impact on the prevention and suppression of crime in the Republic of North Macedonia.

Keywords: security, crime, prevention, control and police units.

Содржина

Вовед **6**

Глава 1. ОСВРТ КОН КРИМИНАЛИТЕТОТ – ДЕФИНИЦИОНА, ЕТИОЛОШКА И СТАТИСТИЧКА ПЕРСПЕКТИВА **9**

1.1. Преглед на литература.....10

1.1.1. Дефинирање на криминалитетот..... 11

1.1.2. Етиологија на криминалитетот 17

1.1.3. Општествени реакции на криминалното однесување.....20

1.1.4. Статистичка перспектива на криминалитетот во Република Северна Македонија.....22

Глава 2. ОСВРТ КОН ПОЛИЦИСКИТЕ АКТИВНОСИ ВО НАСОКА НА ПРЕВЕНЦИЈА И ОПЕРАТИВНО СУЗБИВАЊЕ НА КРИМИНАЛИТЕТОТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.....26

2.1. Улогата на полицијата при управувањето со криминалитетот.....27

2.1.1. Значењето на полициските службеници.....29

2.1.2. Законски одредби поврзани со Полицијата на Република Северна Македонија...31

2.2. Клучни безбедносни организации во борбата при криминалот и оперативни активности на полицијата при превенција и постапување со криминалитет.....34

2.2.1. Биро за јавна безбедност.....35

2.2.2. Полициска единица за поддршка.....39

2.3. Агенција за национална безбедност на Република Северна Македонија.....40

Глава 3. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНО ПРИМАРНО ИСТРАЖУВАЊЕ.....56

3.1. Дефинирање на проблемот на истражувањето.....57

3.2. Методологија на истражувањето.....57

3.3. Предмет на истражувањето.....57

3.4. Задачи на истражувањето.....58

3.5. Истражувачки хипотези.....58

3.6. Варијабли во истражувањето.....59

3.7. Мерни инструменти.....60

3.8. Популација и примерок.....60

3.9. Постапка за прибирање на податоците.....60

3.10. Статистичка обработка на податоците.....60

3.11. Добиени резултати од спроведено интервју.....61

3.12. Добиени резултати од спроведен анкетен прашалник.....65

3.13. Дискусија на добиените резултати и потврдување на хипотетската рамка.....80

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА.....85

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.....90

ПРИЛОЗИ.....93

1. Вовед

Светот постојано се соочува со разновидни кризи кои директно ја диктираат нестабилноста на општествата од повеќе аспекти. Имено, не само што ***се разнишува социо-економскиот статус***, туку се повеќе расте и бројот на криминал во општествата поради тоа што ***ресурсите за егзистенција стануваат се помалку достапни***, владее инфлација и сиромаштија кои дополнително се мотивирачки фактори за криминалците да вршат криминални дејствија секогаш кога за тоа ќе им се покаже прилика и ќе проценат дека е мала веројатноста дека за стореното ќе им се изречат правни санкции и ќе се бара од нив да сносат одговорност поради сторените дела и извршени противправни активности.

Најголема погоденост има во општествата кои секако се во развој и на кои им се потребни подолги години за да создадат социо-економски стабилни системи кои ќе им обезбедат на граѓаните ***достојни услови за живот*** и ***пријатни услови за работа***. Таков е примерот и со нашата држава во која ***криминалот се повеќе расте***[1], а притоа ***санкциите се покажуваат како недоволно ефикасни*** бидејќи делата со повтор се со висок процент застапени, според анализата на извештаите кои се изработени од страна на Министерството за внатрешни работи[2] и достапни за јавно користење и анализа.

Во процесот на управување со криминалот, ***МВР игра круцијална и суштинска улога.*** Како еден од современите предизвици со кои се соочува македонската полиција е предизвикот на разновидните видови на криминал кои брзо, интензивно и масовно умеат да влијаат уништувачки на целата територија на начин што ***ја загрозуваат безбедноста на граѓаните,***

[1] Статистички поткрепено во теоретскиот дел на трудот

[2]Во понатамошниот текст ќе се користи кратенката МВР

предизвикуваат страв кај населението и недоверба во безбедносните структури на државата.

Полицијата во Република Северна Македонија долги години наназад успешно се соочува со предизвикот на безбедноста, односно предизвикот успешно да се влијае на сочувувањето на безбедноста на работењето и дејствувањето на граѓаните коишто својата доверба ја имаат дадено на безбедносните сили. Во структурите на безбедносните единици постојано ***се вршат перспективни анализи*** за тоа што може да се случи, кои видови на криминал имаат потенцијал на раст и поради кои причини би дошло до тоа. Притоа, се води ***контрола и следење на познати сторители на криминални дејствија*** кои се ризични од повтор и за кои полицијата има најава дека се во фаза на организирани криминални дејствија.

Сето наведено јасно укажува дека полицијата во Р.Северна Македонија е специфична по одговорностите, експертизата и надлежностите (за кои е особено важно да се нагласи дека доколку правно и со закон не се уредени, често доаѓа до судир кога треба да се постапи по пријава). Притоа, за да безбедносните единици функционираат професионално, неопходно е полициските службеници постојано да бидат дел од ***обуки на кои се стекнуваат со нови искуства, знаења и вештини*** кои се потребни за да во иднина успешно се соочат со криминалните дејствија кои се сериозен проблем во македонското општество, иако во јавноста недоволно се говори на таа тема за да не се предизвика паника и страв кај населението.

Овој труд има за цел да ја промовира улогата на полицијата на Република Северна Македонија успешно да се соочи со криминалот секогаш кога ќе настанат криминални дејствија, поради што е особено потребно да се координираат полициските службеници и да бидат подговени да реагираат брзо во секое време, од секоја постоечка положба. Притоа, со цел

истражувањето да добие конкретна насока, акцентот е поставен на ***Агенцијата за национална безбедност***[3].

Структурно, трудот е составен од три глави. Во првата глава елаборирана е ***проблемот со криминалот во Р.Северна Македонија*** и притоа изработен е детален осврт за сериозноста на проблемот, односно, елаборирани се главните фактори коишто го поттикнуваат криминалот во државата и елаборирани се превентивните техники коишто се применуваат за да се намали бројот на криминални дејствија во државата. Во втората глава елаборирана е ***улогата на полицијата во Р.Северна Македонија,*** односно детално е истражена структурата, безбедносните единици на полицијата и стратешките и оперативните активности коишто полицијата ги превзема и имплементира со цел да влијае врз криминалните дејствија односно да влијае врз намалувањето на криминалот во државата. По теоретското елаборирање на тоа како полицијата влијае врз превенцијата и откривањето на криминалитетот во државата, третата глава има истражувачки карактер и содржи ***резултати од спроведеното авторско истражување*** коешто има за цел да ги докаже претходно добиените резултати од другите, претходни авторски истражувања со кои е констатирано дека полицијата има важна и суштинска улога врз откривањето и превенцијата на криминалитетот во Р.Северна Македонија.

Дополнително, во делот наменет за ***Заклучок*** наведени се сублимати од темата, односно наведени се клучните сегменти во форма на заклучни согледувања на темата од кои произлегуваат и ***Препораките на истражувањето.*** Следно, наведена е ***Листата на референци*** како и ***Анексот Прилози*** во кој е наведен анкетниот прашалник користен за целите на истражувањето.

[3]Во понатамошниот текст ќе се користи кратенката АНБ

Глава 1. ОСВРТ КОН КРИМИНАЛИТЕТОТ – ДЕФИНИЦИОНА, ЕТИОЛОШКА И СТАТИСТИЧКА ПЕРСПЕКТИВА

1.1. Преглед на литература

Криминалитетот е општествен феномен кој подразбира севкупност на кривични дела во одредена област, сторени во одредено време и поради сеопфатноста која ја содржи криминологијата е една од ретките науки каде има спротивставени ставови и различни сфаќања за самиот поим. Притоа, важно е да се даде вовед дека криминологијата припаѓа на младите научни дисциплини бидејќи се применува дури од 19 век и при обидите добро да се објасни криминалитетот криминологијата често се поврзува и со различни сегменти од социологијата, статистиката, психологијата и слично. Токму затоа, во обидите да се дефинира криминалитетот авторите поаѓаат од различни авторски гледишта, детално елаборирани во продолжение на трудот.

1.1.1. Дефинирање на криминалитетот

Криминалитетот е појава утврдена со закон поради што секоја земја има одреден број на забранети однесувања, квантитативни и квалитативни димензии на криминализација во своето законодавство и заедничко за сите држави е тоа што постојано прават различни напори за да успеат во тоа да го превенираат и сузбијат криминалитетот и свесни се дека постојат одредени форми на криминално однесување кои се заканувааат не само на една земја туку и на целата меѓународна заедница. Примери за тоа се геноцид, воени злосторства извршени врз цивилното население, ранети и заробени лица итн.

Притоа, од криминалитетот се засегнати сите држави и нема исклучпци. Криминалитетот е феномен кој е присутен и во малите општества кои се во развој иако навидум се верува дека се премногу мали и дека има воведено контрола поради тоа што е лесно да се следат и контролираат движењата и активностите. Статистиката пак говори дека криминалитетот се појавува во поголема и позагрижувачка форма и како таква доведува до зголемување на степенот на загриженост кај граѓаните, бидејќи тие се сметаат за загрозени и чувствуваат страв за себе и за своите семејства.

Поради јасната потреба од постоење на истражувања кои во суштината го содржат криминалитетот достапни се бројни претходни истражувања од областа, а некои од нив се елаборирани во продолжение на теоретскиот дел на трудот.

Една од дефинициите на криминологијата е дека таа е самостојна наука која користејќи ги знаењата и истражувачките процедури на науката за човекот и општеството, емпириски го проучува криминалниот феномен, т.е. криминалот, неговиот сторител и жртва, криминалитетот и начинот на кој општеството реагира на криминалното однесување.[4] Криминалитетот е општествен феномен кој подразбира севкупност на кривични дела или кривични дела во одредена област и во одредено време и претставува масовна појава и најчесто се дели на ***примарен*** и ***секундарен криминалитет.***

Примарен криминалитет е извршување на кривично дело за прв пат, кое е предизвикано од дејствување на различни социјални и психолошки фактори, а секундарен криминалитет е повторување на кривично дело каде што има влијание и процесот на социјална контрола, и во двата случаи криминалитетот претставува негативен општествен феномен, кој негативно влијае и на општеството и на човекот како поединец.[5] Констатирано е дека криминалитетот има две лица и може да се елаборира како тоталитет на деликвенција и како индивидуален чин, при што е неопходно да се знаат двете димензии за да се разбере оваа појава, или, со други зборови, за да се разбере криминалитетот во целина, неопходно е да се проучат поединечни случаи на криминалитет, а дводимензионалниот пристап бара соработка на многу науки како: криминална социологија, општа социологија, биологија, психологија, психопатологија и многу други.[6]

---

[4]Marković,I. (2007), Osnovi kriminologije, Banja Luka, str. 120-127

[5] Ignjatović, Đ. (2007), Kriminologija, Beograd,str. 203-207

[6] Gluscic,S. (2008), Pre-investigative Procedure in the Republic of Macedonia as the basis for reform of the new Law on Criminal Procedure, MRCLC, 15, no. 1,

Во литературата постојат голем број различни дефиниции за криминалитетот и токму поради оваа причина дефинициите се систематизираат во две основни групи, и тоа:

1. група на законска или правна дефиниција

2. група на социолошка дефиниција.

Законската или правната дефиниција на криминалитетот подразбира повреда на нормите на важечкото кривично законодавство и оваа дефиниција може да се гледа од потесно и пошироко разбирање.

Според потесното разбирање, криминалитетот се третира како категорија на кривичното право и како таков не треба да се проширува надвор од казненото право, односно, потесното разбирање на оваа дефиниција доаѓа од принципот на законитост на класичната школа, според кој секое кривично дело мора јасно и прецизно да се утврди, додека пак според поширокото сфаќање, криминалитетот го подразбира секое казниво дело, односно однесување кое е санкционирано во одреден правен систем и тоа значи дека под криминалитет се подразбира секое незаконско однесување кое е забрането во кривичното право и за кое е предвидена кривична санкција во сегашната регулатива.[7] Правната дефиниција на криминалитетот е многу попрецизна и појасна од другите дефиниции, но и покрај тоа има бројни критики упатени кон оваа дефиниција.

Некои од тие критики се дека според оваа дефиниција, суштината е претесна и недоволна за да се објасни криминалитетот, како и дека се сведува само на правната страна, т.е. за активности кои се криминализирани во позитивното право.[8]

---

[7] Grubac,M. (2006) Review of the draft "new" Law on Criminal Procedure, in XVIII Law Seminar: New penal legislation – dilemmas and problems in theory and practice, prepared by: Dobrivoje Radovanović, Institute of Criminological and Sociological Research – Belgrade/Higher School of Internal Affairs – Zemun, Budva, str. 13-17

[8] Види повеќе кај Buzarovska,G. (2009) Reform of the Criminal Procedure, Collection of papers from the Project on Fight against Organized Crime by the Public Prosecutor's Office, Skopje/Ohrid, p.13

Социолошката дефиниција за криминалитетот го проширува овој концепт на однесувања кои не спаѓаат во концептот на криминалитетот и тоа значи дека криминалитетот е поширок и ги опфаќа сите девијантни и асоцијални однесувања кои претставуваат отстапувања од општествено прифатливите и воспоставени норми на однесување (примери за тоа се: питачење, алкохолизам, проституција, зависност од дрога, скитници итн.) и притоа социолошката дефиниција за криминалитетот не е единствена, таа произлегува од различни пристапи, концепции и теории за криминалитетот.

Криминалитетот подразбира отстапување од културните и моралните норми кои важат во едно општество.[9] Социолошки, тоа се однесувања кои ги нарушуваат основните интереси на една општествена група, однесувања кои значат напад на вредноста на групата на која припаѓаат.[10] Социолошката дефиниција за криминалитетот исто така во бројни истражувања е критикувана и ова се однесува на тоа што концептот на криминалитетот е дефиниран на сосема нејасен и конфузен начин, а со тоа и неприфатливо проширен.

Иако дефиницијата за криминалитетот е поделена на правна и социолошка, меѓу овие две дефиниции постои взаемна поврзаност, бидејќи криминалитетот е и правна и социолошка категорија кои се потпираат една на друга и притоа секогаш кога научно или оперативно се работи со криминалитетот неопходно е во предвид да се земат сите сегменти од криминалитетот.

1.1.2. Етиологија на криминалитетот

Криминалитетот е сложен општествен феномен кој постои во сите форми на општества, а секое од овие општества инкриминира одредени активности во своите позитивни законски прописи, на кои „јавните органи“ им придаваат

[9] Види повеќе кај Jovcevski,J. (2009) Special investigative measures in the criminal legislation of the Republic of Macedonia, MRCLC, no. 2,

[10] Mathias,E. (2007) The balance of powers between the police and the public prosecutor, Delmas Marty Spencer, pp.20-24

карактер на општествено опасна дејност и предвидуваат санкции за нивното прекршување, оттука, во ова се вклучени многу посебни државни органи и институции, разни репресивни и превентивни мерки во борбата против криминалитетот, кои се активирани да ги откриваат кривичните дела и нивните сторители, да ги гонат, истражуваат и судат, како и да ги спроведуваат изречените кривични санкции. [11]

Сепак, и покрај тоа доаѓа до извршување на различни кривични дела или поточно доаѓа до остварување на криминални практики во различни облици и тоа јасно укажува дека изворот на криминалната активност е надвор од реалната моќ на органите кои носат позитивни правни инкриминации и на оние органи кои се занимаваат со гонење и сузбивање на криминалитетот во нивните службени должности.

Криминалот е општествен феномен кој на различни начини манифестира негативни ефекти и остава штетни последици во социјална смисла и притоа негативниот ефект се манифестира пред сè против материјалните вредности на добрата кои ги создава општеството во текот на неговиот развој. Покрај овие материјални добра, како предмет на криминални напади и други криминални активности се личноста и нејзиниот интегритет, како и оние вредности кои се на удар, а кои не се материјално определени, а кои се сметаат за општествени вредности и добра од гледна точка на нормални сфаќања во дадената социјална средина. Тие вклучуваат: чест, углед и слични морални добра на една личност кои се јавуваат како производ на неговите услови на развој на личноста. Несомнено дека се вклучени и разни политички, културни и други општествени вредности, кои општеството ги создава во процесот на својот развој и притоа заедничко за сите овие стоки и вредности е тоа што кога ќе дојдат под влијание на криминална активност, таа дејност остава негативни и деструктивни последици врз истите.

[11]Milutinović,M. (1988), Kriminologija, Savremena administracija, Beograd, str. 255.

Како посебен општествен феномен, криминалитетот има свои корени, причини, историја и врши одредено влијание, во зависност од околностите и можностите, во различни сфери на животот кои можат да бидат економски, политички, правни, морални, културни. Затоа криминаитетот, како многу сложен општествен феномен, и феноменолошки и етиолошки, треба да се проучува од различни аспекти бидејќи вклучува влијанија на низа фактори и околности кои некогаш е тешко да се идентификуваат и откријат.

Етиологијата на криминалитетот има две области кои се органски поврзани, па притоа едната област се однесува на проучувањето на криминалитетот од гледна точка на одредена општествена структура и културата, одредени услови за живеење, дејството на различни криминогени фактори, влијанието на различните сфаќања на вредностите и судирите на вредностите и други слични прашања и тука станува збор за егзогена етиологија.[12] Другата област го проучува процесот на формирање на личноста за деликвенција и криминална активност или, поточно, процесот на „криминализација“, кој треба да нè запознае со сознанијата зошто одредени лица вршат криминални дејствија и како одредени состојби во дадена култура ги прават криминалци. Тука се проучуваат влијанието на личните елементи и карактеристики врз криминалното однесување и тоа се смета за област на т.н ендогена етиологија.

Во претходните истражувања, првата област често се нарекува апстрактна, бидејќи се однесува на општи теоретски прашања, а втората конкретна, бидејќи се занимава со проучување на процесот на „криминализација“ на одредени лица.

[12]Newman, D.J. (2001) „Legal Norms and Criminological Definition”, objavljeno u Sociology of Crime, str. 55-56

1.1.3. Општествени реакции на криминалното однесување

Познато е дека однесувањата кои ги нарушуваат општествените норми секогаш предизвикувале одредена социјална реакција која е негативна, осудувачка, и сите општества, дури и најстарите, таквите однесувања ги сметаат за општествено штетни и опасни и затоа ги осудуваа и се обидуваа да ги потиснат. Оваа опасност се манифестира, пред сè, во однос на општествената заедница, чиишто основни вредности се основаат на етика, а членовите на заедницата се тие кои ги уживаат тие вредности и се научени на добро однесување во околината. Криминалитетот го нарушува ова однесување затоа што по својата природа „стимулира“ општествена реакција која се манифестира во различни форми и различен степен на интензитет, од индивидуално неодобрување, до општа осуда и казнување.

Во примитивните општества, фокусот на грижата е на заедницата, а не на поединецот затоа што поединецот целосно и припаѓа на заедницата и неговата личност не е земена во предвид, не доаѓа до израз позначајно, па затоа не е значајно од аспект на одговорноста. Намерата на сторителот не била земена предвид, па не била земена ниту одговорноста која може да биде индивидуализирана и лична.[13] Во подоцнежните општества, со појавата на класната историја, доаѓа до промена на карактерот на социјалната реакција на општествено опасните однесувања, односно, доаѓа до поголема диференцијација и индивидуализација на заедницата, во која личноста е се повеќе и повеќе ослободена од патријархалните и племенските заповеди, норми и стандарди на однесување. Во овој процес улогата и позицијата на личноста станува се посилна, а таа повеќе доаѓа до израз во однос на грижата за сопствениот живот и неговата безбедност, а стравот за општествената заедница се надополнува со нови елементи. Соодветно, има значителна промена во системот на одговорност, кој се пренесува на личноста на сторителот и веќе станува збор за „индивидуализација“ на криминалитетот. Во исто време со

[13]MIlutinović, M. (1988), Penologija, Savremena administracija, Beograd, str. 4.

процесот на индивидуализирање на одговорноста и нејзино насочување кон сторителот на кривичното дело, постои нормализирање и регулирање на таа одговорност од страна на државата, како институција на јавна власт и тука е преминот на процесот од „приватна и племенска одмазда и правда“, во „јавна правда“, до појава на казнена реакција, која во секој случај претставува големо достигнување во човечката култура.

Со донесувањето на првите кодекси, казните беа многу сурови и сурови и тоа е разбирливо ако се тргне од одмаздата како цел на казнувањето, и ако нанесувањето физичка и душевна болка се смета за цел на казната. Оваа состојба траеше до воведувањето на казната лишување од слобода во казнениот систем која е препознатлива за современите општества.

Основната цел поставена во современата теорија и практика се состои во обука на сторителите на кривични дела да ги почитуваат општествените вредности и норми, да се однесуваат креативно во општествениот живот и да станат корисни членови на општеството. Затоа, целта на казнувањето, пред се е од превентивен карактер во смисла на спречување на сторителот да изврши кривични дела и се има за цел да се влијае врз него во иднина да не врши кривични дела. Истовремено, се воспоставува општа превенција, т.е. се влијае врз другите да не вршат кривични дела и доаѓа до изразување општествена осуда за кривично дело, зајакнување на моралот и зајакнување на обврската за почитување на законот.[14] Посебно внимание се посветува на личноста, односно на тој што направил грешка и којшто прекршил какво било законско правило и овде не е само збор за добивањето на поука, иако е тесно поврзано со тоа, туку првенствено се работи за самата казна и имено, за да може казната да ја постигне својата цел, таа мора да биде соодветна за да одговара на личноста на сторителот на кривичното дело, односно да има доволна тежина за да го

[14] Ćirić,J. (2016), Praštati i kažnjavati, Međunarodni naučni tematski skup – Krivične i prekršajne sankcije i mere, Palić, str. 31.

поттикне да не дојде до повтор на кривичното дело што несомнено дека влијае врз општествената, економската, културната и социјалната безбедност.

За тоа да се постигне несомнено дека е потребна и ондивидуализација на казната којашто се потпира на претходно запознавање со личноста на сторителот, односно на едноставно, запознавањето на личноста на криминалецот и тоа се смета за неопходен предуслов за индивидуализирање на казната. Индивидуализацијата на казната се остварува во процесот на нејзино судско оценување, што укажува на многу важна улога на судот во нејзиното остварување, односно укажува на принципите и потребата судот во границите на законските можности да поттикне индивидуализација преку одредена слобода на одлучување. Таа слобода на одлучување е ограничена, особено со пропишување на забраната за ублажување на казната за одредени кривични дела, пропишани со казнените законици на државите, а се со цел да се намали бројот на сторени тешки кривични дела.

1.1.4. Статистичка перспектива на криминалитетот во Република Северна Македонија

Во периодот од 2001-2005 година, кривичните дела бележат континуиран подем кој е најизразен во 2003-та година и изнесува 23%. Овој негативен тренд на пораст на криминалот по подолго време е прекинат во 2006 година, кога е забележано благо намалување за 2,7%, за да во 2007 година повторно се забележи поголем пораст од 19%, додека останатите години бројот на кривичните дела осцилира со тенденција на благо зголемување или намалување. Што се однесува до кривичните дела извршени од малолетници, нивното учество во вкупниот криминал во просек се движи од 14,7% до 21,7% годишно, а за обележување е што и покрај тоа што во 2010 година бројот на кривичните дела е најголем, учеството на малолетниците во извршувањето на кривичните дела е на најниско ниво и изнесува 14,7%.[15]

[15] https://mvr.gov.mk/analiza/kriminal/16

Табела 1. Постапување по случен криминалитет во Р.Северна Македонија во периодот

	2001	2002	2003	2004	2005	2006	2007	2008	2009	2010
вкупно кривични дела	17.139	18.308	22.547	22.663	22.634	22.024	26.224	28.327	27.330	28.489
реализирани кривични дела	10.410	10.696	14.123	13.148	13.870	12.881	14.700	15.690	15.128	14.540
коефициент на ефикасност	60,7	58,40	62,63	58,00	61,27	58,48	56,05	55,38	55,35	51,03
кривични дела извршени од малолетници 2.326 2.382 2.136	2255	2116	2393	2624	2.399	2.360	2.242	2.326	2.382	2.136

2001-2010 год.

Извор: https://mvr.gov.mk/analiza/kriminal/16

Табела 2. Сторители на кривични дела во Р.Северна Македонија во периодот 2001-2010

	2001	2002	2003	2004	2005	2006	2007	2008	2009	2010
ВКУПНО ПРИЈАВЕНИ СТОРИТЕЛИ	15.760	15.651	20.313	19.277	19.755	18.858	21.167	22.690	21.226	21.093
МАЛОЛЕТНИЦИ	3.791	3.423	4.032	4.746	4.447	4.143	3.377	3.888	4.015	3.415
ПОЛНОЛЕТНИ	11.969	12.228	16.281	14.531	15.308	14.715	17.790	18.802	17.211	17.678

год.

Извор: https://mvr.gov.mk/analiza/kriminal/16

Табела 3. Стапка на криминалитет во Р.Северна Македонија во периодот 2001-2010

	2001	2002	2003	2004	2005	2006	2007	2008	2009
СТАПКА НА КРИМИНАЛ НА 100.000 ЖИТЕЛИ	840,7	904,70	1110,70	1113,50	1113,60	1078,60	1282,20	1382,70	1331,40
вкупно кривични дела	17.139	18.308	22.547	22.663	22.634	22.024	26.224	28.327	27.330
БРОЈ НА ЖИТЕЛИ	2.038.651	2.023.654	2.029.892	2.035.196	2.032.544	2.041.941	2.045.177	2.048.619	2.052.722

год.

Извор: https://mvr.gov.mk/analiza/kriminal/16

Табела 4. Случен криминалитет по области, во Р.Северна Македонија за период 2010-2019 год.

Состојби на вкупен криминал по области										
	2010	2011	2012	2013	2014	2015	2016	2017	2018	2019
вкупно кривични дела	28,489	29,529	29,939	30,365	27,753	24,698	24,755	24,583	26,029	23,193
регистрирани сторители	21,093	20,429	17,577	18,311	17,182	15,920	15,913	14,752	17,298	15,087
стапка на 100.000 жители	1384.78	1433.59	1451.73	1469.91	1341.26	1192.40	1193.76	1184.55	1253.12	1116.59
кривични дела од класичен криминал	26,494	27,698	28,158	28,628	25,518	22,516	22,732	22,936	23,812	20,882
регистрирани сторители	18,306	17,689	15,187	15,851	14,189	13,132	13,483	12,687	14,460	12,236
кривични дела од организиран криминал	309	206	210	227	282	342	259	101	154	175
регистрирани сторители	471	419	377	505	535	466	401	193	249	309
кривични дела од економски криминал	897	803	766	739	986	1,012	988	851	1,079	1,050
регистрирани сторители	1,365	1,376	1,058	1,019	1,318	1,326	1,166	1,112	1,506	1,351
кривични дела од недозволена трговија	789	811	798	766	964	814	771	692	977	1,082
регистрирани сторители	951	926	952	925	1,136	905	857	756	1,071	1,186

Извор: https://mvr.gov.mk/analiza/kriminal/55

Според претставените статистички податоци, стапката на вкупен криминалитет расте во периодот 2010-2013 год., и потоа бележи пад во следниот период се до 2018-та год., кога повторно доаѓа до зголемување на

криминалитетот. Притоа, најголемиот дел на кривичните дела се дел од класичниот криминалитет, потоа кривични дела од недозволена трговија, кривични дела од економски криминалитет и кривични дела од организиран криминал.

Важно е да се констатира дека иако низ годините се создадени нови полициски единици за соочување со криминалигтетот сепак истиот е во пораст (иако тој не е континуиран и трпи варијации) и со тоа е нарушена безбедноста на граѓаните во државата што треба да биде приоритет и која треба да биде гарантирана. За таа цел, во продолжение на трудот направена е конструктивна анализа за влијанието на полицијата врз соочувањето со криминалитетот, елаборирајќи ги важните промени и оперативните активности на полициските единици.

Глава 2. ОСВРТ КОН ПОЛИЦИСКИТЕ АКТИВНОСИ ВО НАСОКА НА ПРЕВЕНЦИЈА И ОПЕРАТИВНО СУЗБИВАЊЕ НА КРИМИНАЛИТЕТОТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

2.1. Улогата на полицијата при управувањето со криминалитетот

Улогата на безбедносните структури во борбата против криминалот е истражена и во претходни истражувања од областа. Поради потребата од повикување на студии со кои се докажува влијанието на ефикасноста на полицијата врз откривањето и превенцијата на криминалот во продолжение елаборирани се постоечки релевантни истражувања од областа.

Полицијата е сектор кој успева да ја сочува безбедноста на граѓаните во Република Северна Македонија, а постојаниот напредок во редовите на полицијата, овозможува да се создадат услови за слободно движење и работење на граѓаните. Овој безбедносен сектор е постојано дел од разни обуки на кои полицискиот кадар учи како да биде физички и психички подготвен да се соочи со сите безбедносни предизвици, односно, да биде умешен да се соочи со секаков вид на криминал којшто ќе се пријави и по која што пријава ќе треба да се постапи.

Според студијата на Бужаровска искуството говори дека граѓанинот секогаш полицијата ја става на прво место кога се смета себе за безбедносно загризен, а полицискиот кадар е задолжен брзо да реагира превентивно и решавачки и притоа најголемиот дел од случаите при кои е јасно видлива криминалната намера се завршени со успех и сочувана е безбедносна на национално и/или меѓународно ниво. Повикувајќи се на резултатите од оваа студија се доаѓа до заклучокот дека македонската полиција е добро обучена за да се соочи со криминалот кој што настанува успешно, професионално, соодветно на барањата на околината.[16]

Притоа, осврнувајќи се на глобално ниво, според студијата на Gluscic соочувањето со криминалот е долг и динамичен процес кој бара соработка помеѓу повеќе безбедносни единици кои треба да работат заедно и во насока на

[16] Бужаровска,Г. (2008) Компаративно истражување на решенијата за забрзување и поедноставување на казнената постапка, МРКК, бр. 1/2008

успешна превенција и сузбивање на криминалот.[17] Во оваа насока, според студијата на Grubac кога се откриваат почетоците на криминалното дејствие се пристапува кон планирање на начинот на откривање на сторителот и начинот на кој е извршено дејството, односно процесот започнува со предистражна постапка во која се прибираат материјали и се цели кон добивање на потврда за сторителот и стореното кривично дело и тоа е неопходно за да може да се постапи и да се сузбие криминалот којшто е видно дека настанал.[18] Притоа, за да се постигне напредок од аспект на превенцијата и сузбивањето на криминалот, суштински важно е како се постапува со полициските службеници, односно, колку се инвестира во нивната стручност и обученост.

Според студијата на Илиќ управувањето со полициските службеници како безбедносна функција ги обединува функциите и задачите поврзани со луѓето, нивното привлекување, регрутирање, селекција, образование и други активности поврзани со обезбедување и развој на полициските службеници. [19] Калајџиев додава дека менаџирањето со полициските службеници не може да функционира надвор од системите на безбедносниот сектор и да служи за задоволување на некои свои цели кои се независни, спротивни или различни од меѓусебно прифатените стандарди и критериуми за работа на полициските службеници.[20]

Калајџиев констатира и дека суштината на имплементирањето на модерната концепција на менаџментот на полициските службеници во функционирањето на безбедноста се состои во обезбедување на негова активна улога во осигурувањето, овозможувањето или помагањето при остварувањето

[17] Gluscic,S. (2008) Pre-investigative Procedure in the Republic of Macedonia as the basis for reform of the new Law on Criminal Procedure, MRCLC, 15, no. 1,
[18] Grubac,M. (2006) Predistražni postupak u Republici Hrvatskoj kao osnova za reformu u novom Zakonu o kaznenom postupku, МРКПК, год. 15, бр. 1,
[19]Илиќ,Д. (2009) Реформата на истрагата во Република Македонија, магистерски труд, Правен факултет, Скопје.
[20] Калајџиев,Г. (2008) Преуредување на претходната постапка во Република Македонија, МРКПК, бр. 2/3,

на замислените долгорочни цели во насока на служење на граѓаните и давање на помош секогаш кога тоа им е потребно.[21]

Според студијата на Krapac менаџментот на полициските службеници треба да преставува подршка на стабилноста и безбедноста пред се на национално ниво, а притоа важно е дека полициските службеници можат да придонесат за зголемување на безбедноста под услов да се доволно вешти и обучени и исто така безбедноста зависи и од континуираното вложување на средства во развивање на знаењата, способностите, вештините и однесувањето на полициските службеници. [22]

2.1.1. Значењето на полициските службеници

Луѓето во рамки на полицијата се нејзиниот човечки ресурс. Се започнува од пронаоѓањето на талентот, кога на вработениот му се даваат работни задачи, а притоа тој ги завршува на најпрофесионален начин. Но, талентот доколку не се негува, исчезнува или се намалува. Инвестирањето во полициските службеници е сложен процес и ги опфаќа сите елементи коишто предизвикуваат трансформација кон подобро притоа обезбедувајќи поголема квалификација со помош на создавање на искуства и знаења, коишто се добиваат при процесот на обучување, прилагодување кон современите безбедносни услови (како на пример заканата од нови пожари) За да се инвестира во полициските службеници се потребни време, стручност и финансиски средства.

Инвестирањето во полициските службеници како потреба се појавува поради следните аргументи: ***зголемување на загрозената безбедност, континуираните промени во техниката, технологијата,***

[21]Калајџиев,Г. (2009) Формирање,организација и функционирање на правосудната полиција и на истражните центри на јавното обвинителство, достапно на http://maclc.mk/Revii/2009/Kalajdziev_Ilic.pdf
[22]Krapac, D. (2007) Reform of the mixed penal procedure: Complete replacement of the procedural model or changing preliminary proceedings into a party-driven procedure?, Collection of works of the Faculty of Law "Justinian I" in Skopje. Collection of works of the Faculty of Law in Zagreb, str.33-39

организацијата и управувањето, демографските тенденции, застарувањето на знаењата и вештините на луѓето и слично.

Инвестирањето во полициските службеници речиси секогаш резултатира со продуктивност на државно безбедносно ниво. Односно, вложените средства зависат правопропорционално со крајниот резултат и од тука произлегува дека колку поголеми се инпутите толку попродуктивен е аутпутот. Во овој случај, инпутите се почетните средства коишто го формираат финалниот продукт, продуктивниот човечки ресурс - полициските службеници.

Според тоа, полициските службеници преставуваат незаменлив ресурс,, ако со нив мудро се управува, односно доколку државата располага со квалитетен менаџмент на полициските службеници.

Според Mathias квалитетниот менаџмент на полициските службеници придонесува за успешноста на функционирање на целиот безбедносен систем воопшто и притоа во современите земји денес, менаџментот на полициските службеници со своите активности се позиционирал како значаен фактор кој потикнува организациски промени заради остварување на подобри безбедносни резултати. [23] Повеќе истражувања извршени во различни земји го потврдуваат ова сознание и присутни се усогласени мислења за истото, но нема контрадикторни ставови кои укажуваат на тоа дека полицијата нема влијание и дека без влијанието на полициските структури може да се сочува безбедноста во државите, но и глобално.

Претходните, релевантни истражувања од областа покажуваат дека постои силно изразена поврзаност помегу безбедноста на државата и квалитетното извршување на оделни функции на менаџментот на полициските службеници (регрутација и селекција, плаќање на трудот, образование и развој, мерење на перформансите, создавање на организациска полициска култура и слично). Затоа, надлежните институции неопходно е да инвестираат во

[23] Mathias,E. (2007) The balance of powers between the police and the public prosecutor, Delmas Marty Spencer,

полициските службеници, навремено да ги осознаваат нивните слабости и да постапуваат по нив во насока на унапредување на нивните перформанси.

Според студијата на Novosel на ниво на држава, успешна програма за развој на полициските службеници ги подготвува индивидуите за превземање на повисоко ниво на работа, "организирано учење во поголем временски период, за да се обезбеди можност на промена во резултатот". [24]

Во овие рамки, развојот на полициските службеници е работна рамка што во првата етапа се фокусира на организациските способности, тренирање, а потоа развој на полициските службеници низ едукација, за да се задоволат долготрајните потреби на полицијата, индивидуалните цели во кариерата на полициските службеници и вредноста на вработените во однос на нивните работодавци. Развојот на полициските службеници може да се дефинира едноставно како развој на најзначајните сектори во било која држава. Полициските службеници преку постигнување и надоградување на вештините и ставовите влијаат позитивно кон тоа да се зголеми безбедноста во државата.

2.1.2. Законски одредби поврзани со Полицијата на Република Северна Македонија

Работните активности и надлежности на полициските единици во Р.Северна Македонија се уредени законски, со Законот за полиција[25] и истиот е суштински значаен за уредување на полициските работи. Според овој закон, заради создавање услови за работа на Полицијата, во Министерството: се утврдуваат кадровските и образовните потреби, принципите за напредување во службата и управувањето со човечките ресурси; се донесуваат развојни, организациски и други насоки за работа; се донесуваат планови за користење на материјално-финансиски средства; се донесуваат и спроведуваат планови за

[24] Novosel,D. (2008) Tijek kaznenog postupka - kazneni progon i istraga, во: Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu (HLKPP), Vol. 15 Br.2,
[25]Службен весник на Република Македонија, Закон за полиција, 41/14

изградба и користење на информациски системи за сопствени потреби; се донесуваат и спроведуваат планови за изградба и користење на радиокомуникациски и телекомуникациски системи за сопствени потреби; се утврдуваат потреби за развој и примена на современи научни, криминалистички достигнувања и примена на технички средства; се развива и унапредува меѓународната полициска соработка; се организира и спроведува надзор, внатрешна контрола и финансиска ревизија и се вршат други работи утврдени со закон.[26] Следно, нагласено е дека полициски работи, во смисла на овој закон, се дејствија на полициските службеници што се однесуваат на:[27]

1 заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните;
2 заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Северна Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори;
3 спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела;
4 идентификување и потрага по непосредна и посредна имотна корист прибавена со сторено казниво дело;
5 одржување на јавниот ред и мир;
6 регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата;
7 контрола на движење и престој на странци;
8 гранични проверки и граничен надзор;
9 укажување помош и заштита на граѓаните во случај на неопходна потреба;
10 обезбедување на определени личности и објекти и
11 други работи утврдени со закон.

Полицијата укажува помош (асистенција): за спроведување на извршна одлука, доколку при спроведувањето на извршувањето, надлежниот државен

[26]Исто, чл.4
[27] Исто, чл.5

орган односно лицата кои со посебен закон се овластени да го спроведат извршувањето, наидат на физички отпор или таков отпор може оправдано да се очекува; по барања за асистенција предвидена со посебен закон (за обезбедување на превоз на експлозивни материи, вонреден превоз и придружба на определени стоки и друго) и по барања на државни органи, институции што вршат јавно овластување и правни лица, во врска со обезбедување на транспорт на пари и други вредносни пратки односно предмети од вредност, а по претходно склучен договор со подносителот на барањето. Барањето за асистенција, надлежниот орган го поднесува до Полицијата во писмена форма, најдоцна пет дена пред спроведување на извршувањето, односно пет дена пред денот за кој е утврдена потреба за давање на помош (асистенција).Раководителот на надлежната организациска единица одлучува за начинот на давање на помошта (асистенцијата) и за тоа навреме го известува подносителот на барањето. Раководителот на надлежната организациска единица од безбедносни и други оправдани причини може да го одложи давањето на помошта (асистенцијата).[28]

Полицискиот службеник по службена должност или по наредба на јавниот обвинител, суд или друг орган кога е тоа утврдено со закон, презема мерки и применува полициски овластувања што се однесуваат на откривање на казниво дело и гонење на неговиот сторител кога постојат основи за сомневање дека се подготвува, во тек е извршување или е извршено казниво дело. Основи на сомневање постојат кога Полицијата располага со сознанија кои врз основа на криминалистичко знаење и полициско искуство може да се оценат како доказ за сторено казниво дело. Кога постојат основи на сомневање дека одредено лице подготвува, извршува или извршило кривично дело или прекршок, или постојат основи на сомневање дека одредена појава го загрозува или би можела да го загрози животот или телесниот интегритет на луѓето, нивните права, слободи, безбедноста или имотот во врска со вршењето на полициските работи, како и заради откривање на кривично дело или прекршок,

[28]Исто, чл.6

пронаоѓање на сторителот, спречување сторителот да се сокрие или побегне, да се откријат и обезбедат траги и предмети кои можат да послужат како доказ и да се прибираат информации кои можат да бидат од корист за успешно водење на кривичната и прекршочната постапка Полицијата врши криминалистичко истражување со примена на полициските овластувања, оперативно-тактички и превентивни мерки согласно закон. Криминалистичкото истражување започнува со полициски извид или со одлука на надлежен полициски службеник за воспоставување и спроведување на криминалистичка контрола, криминалистичка обработка и акција за што се водат соодветни евиденции согласно закон.[29] Имајќи ги предвид цитираните членови станува јасно дека полицијата во Р.Северна Македонија игра важна улога за сочувувањето на мирот, безбедноста и поредокот во државата и без нејзиното присуство не е можно државата да биде безбедносно стабилна и да се гарантира слободата, мирот и сигурноста кај населението. Сепак, треба да се има во предвид дека значењето на полицијата е сеопфатно и вклучува бројни безбедносни активности, поради што особено важно е истражувањето да биде конкретизирано, а во овој случај истражувањето е насочено кон анализа на специјалните полициски единици во државата кои се докажано клучен фактор во борбата со соочување со криминалот во државата.

2.2. Клучни безбедносни организации во борбата при криминалот и оперативни активности на полицијата при превенција и постапување со криминалитет

Криминалот како сериозна општествена, социјална појава во државата не може да се сузбие, да се постапи, ниту пак да се превенира доколку се слаби безбедносните структури во државата. Затоа, суштински важно е да се објасни дека соочувањето со криминалот е ланец, алка која поврзува повеќе безбедносни единици односно, Бирото за јавна безбедност[30], Одделението за

[29]Исто, чл. 14
[30]Се користи кратенката БЈБ

специјални полициски операции[31], Полициската единица за поддршка[32] и други единици. Во пракса, откако ќе се случи криминалитет или откако ќе настане сомнение дека може да дојде до некое криминално дело, се носи одлука дали неговата тежина одговара на некоја конкретна полициска единица. Оттука, Бирото за јавна безбедност и Одделението за специјални полициски операции носат одлука каде ќе се распредели предметот и потоа командантите кои ги добиваат делата ги назначуваат одговорните командири на специјалните единици, па оттука согласно нивните надлежности се одлучува дали операцијата ќе ја вршат Тигрите или ЕБР. Дополнително, важна улога има и Полициската единица за поддршка. Следствено, по завршувањето на акцијата, фатеното лице се носи во подрачна полициска станица и потоа ОЈО постапува согласно надлежностите.

Во продолжение, елаборирани се сите наведени безбедносни структури.

2.2.1. Биро за јавна безбедност

Полициските работи во Министерството ги врши Биро за јавна безбедност како орган во состав на Министерството. Во надлежност на Бирото е: [33]

1. концептуално планирање, следење и анализирање на безбедносната состојба и причините за појава на криминалитет и загрозување на јавната безбедност;
2. усогласување, насочување, генерален и стручен надзор и контрола над работата на организационите единици на Полицијата;
3. собирање, обработка, анализа, користење, оценување, пренос, чување и бришење на податоци од делокругот на работа на Полицијата, како и обработка на лични податоци под услови и на начин утврдени со овој и посебен закон;

[31]Се користи кратенката ОСПО
[32] Се користи кратенката ПЕП
[33]Види повеќе во Закон за полиција

4. учество во вршењето на одредени сложени работи од делокругот на работа на организационите единици на Полицијата;
5. спроведување на ратификуваните меѓународни договори за полициска соработка и други меѓународни акти за кои е надлежна Полицијата;
6. предлагање стандарди за опрема и материјално-технички средства за организационите единици на Полицијата;
7. грижа за подготвеноста на Полицијата за дејствување и работа во услови на сложена безбедносна состојба;
8. организирање и извршување на криминалистички вештачења и
9. други работи утврдени со закон.

Бирото за јавна безбедност е орган во состав на Министерството за внатрешни работи, кој ги врши полициските работи во Министерството и чија организација и надлежност е уредена со Законот за полиција. Во надлежност на Бирото за јавна безбедност е концептуалното планирање, следење и анализирање на безбедносната состојба и причините за појава на криминалитет и загрозување на јавната безбедност; генерален и стручен надзор и контрола над работата на организационите единици на Полицијата; обработка на лични податоци под услови и на начин утврдени со овој и посебен закон; спроведување на ратификуваните меѓународни договори за полициска соработка и други меѓународни акти за кои е надлежна Полицијата; грижа за подготвеноста на Полицијата за дејствување и работа во услови на сложена безбедносна состојба и други работи утврдени со закон.[34] Со работата на Бирото раководи директор кој на предлог на министерот го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија за време од четири години. За вршење на полициските работи од надлежност на Бирото за јавна безбедност формирани се следниве организациски единици:[35]

[34] https://mvr.gov.mk/page/biro-za-javna-bezbednost
[35]Исто,

1 Сектор за полициски работи од општа и посебна надлежност е одговорен за секојдневното полициско работење од областа на јавниот ред и мир, превенцијата, како и за полициските активности кои се однесуваат на сложени безбедносни состојби.

2 Сектор за сообраќајни работи е одговорен за секојдневното полициско работење од областа на сообраќајот и сообраќајната превенција; проверка на начинот на спроведување на возачкиот испит и испитот за проверка на стручност на возач-инструктор; учествува во постапката за издавање и одземање на лиценцата на возач-инструктор и други дејствија од областа на сообраќајот.

3 Сектор за криминалистичка полиција ги координира мерките и активностите со организациските единици надлежни за криминалистички работи и Регионалните центри за гранични работи, во насока на воедначено постапување на оперативните полициски служби на терен.

4 Сектор за криминалистичко разузнавање и анализа работи на собирање, обработка и анализа на податоци и информации по претходно утврдени методологии и стандарди за обработка, изготвува аналитички продукти и извештаи и врши нивна дисеминација до организационите единици во организационите единици во Бирото за јавна безбедност.

5 Сектор за гранични работи и миграции е одговорен за секојдневното полициско работење од областа на граничните работи, полициските активности кои се однесуваат на прекуграничниот криминал и миграции, како и на работи кои се однесуваат на странци и реадмисија.

6 Сектор за заеднички работи и управување со човечки ресурси е надлежен за вршење на определени стручни работи за потребите на Бирото за јавна безбедност во областа на управувањето со човечките ресурси, правните и финансиските работи, заштитата на личните податоци и развој на персоналот и застапеност на заедниците кое се грижи за еднаквост на половите.

Во рамките на Бирото за јавна безбедност формиран е Регистар за соработка со НАТО и безбедност на класифицирани информации кој ги врши работите што се однесуваат на имплементација на активностите во согласност со Акциониот план за членство на Република Северна Македонија во НАТО и засилените напори за интеграција во ЕУ.[36]

Генералниот надзор ја опфаќа организационата структура на Полицијата, методологијата на работа на Полицијата и се врши еднаш на четири години. Стручниот надзор се врши по наредба на директорот на Бирото доколку се оцени потреба за надзор на почитувањето на пропишаните стандарди и постапки за работа на Полицијата. Со Бирото раководи директор, кој на предлог на министерот го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија, за време од четири години. За директор може да биде именувано лице кое покрај општите услови за засновање на работен однос во Полицијата предвидени со овој закон, ги исполнува и следниве посебни услови: е државјанин на Република Северна Македонија; во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност; има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование; има минимум пет години работно искуство; поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од 5 години. Директорот може да биде разрешен по негово барање, кога е осуден за сторено казниво дело на казна затвор од најмалку шест месеца или заради несовесно и нестручно вршење на работат. [37]

Заради заштита на безбедноста на Република Северна Македонија, кога јавниот ред и мир е нарушен во поголем обем или заради спасување на луѓето и имотот при природни непогоди и други несреќи, директорот на Бирото може од полициските службеници да формира полициски единици за извршување на определени задачи.[38]

---

[36]Исто,
[37] исто,
[38] Чл. 19

2.2.2. Полициска единица за поддршка

Посебна единица за поддршка или Посебна единица на полицијата, скратено ПЕП — специјална единица која се води под Министерството за внатрешни работи. Припадниците на ПЕП се обични полицајци, кои по потреба даваат помош на другите единици како на пример ЕБР, ЕСЗ Тигар, Алфа, Гранична полиција итн. Критериумот за ПЕП е да се физички спремни, по спремни од останатите обични полицајци. Немаат база, стационирани се во станиците како обични полицајци, по потреба облакаат маскирна униформа и асистираат. Имаат подобра обука од обичните полицајци, но не и иста како на ЕБР, ЕСЗ и Алфа. Главната разлика помеѓу ПЕП и полицијата е што припадниците на ПЕП се физички поспремни од обичните полицајци. Голем дел од припадници кои од ЕБР, ЕСЗ и Алфа кога ќе наполнат стаж, се префрлаат во оваа единица. Дел и од младите поминуваат низ ПЕП. Единицата ПЕП е формирана уште во времето на СФР Југославија. Во воениот конфликт во 2001 година се покажаа доста добро. Во конфликтот ПЕП беа цело време активни, единицата има учествувано во повеќе операции како на пример во ослободувањето на Арачиново. Исто така ја имаа задачата да ја обезбедат липковската брана во време на војната во 2001 година. Најмногу ги има за прекршоци против јавен ред и мир, односно протести, стадиони, собири, но имаат и тимови за апсење, спровод на лица, ги обезбедуваат возилата на пошта и ја обезбедуваат граничната линија по потреба.[39]

На 5 јуни 2014 година, официјално е промовирана новата единица за јавен ред и мир и интервенции. Таа е само на подрачјето на Скопје, најголемиот дел единицата се припадници земени од ПЕП од интервентите тимови, во глобала имаат задачи исти како и ЕИП, со тоа што имаат и задача доколку некаде на територија на РМ има потреба од повеќе сили, да се упатат веднаш, и работат секојдневно. Брои околу 115 души, значи една цела чета.[40] Во

[39] Види повеќе на https://mvr.gov.mk/page/biro-za-javna-bezbednost

[40] Види повеќе на https://web.archive.org/web/20140608164055/http://www.kurir.mk/makedonija/vesti/160604-FOTO-Promovirana-novata-Edinica-za-javen-red-i-mir-i-intervencii

последните неколку години, оваа безбедносна организација има претрпено организациски промени како во поглед на припадниците така и во поглед на надлежностите.

2.3. Агенција за национална безбедност на Република Северна Северна Македонија

Во Р.Северна Македонија, сочувувањето на безбедноста во голема мера се поврзува со постоењето на АНБ која од своето основање покажа видни резултати на полето на безбедноста. АНБ претставува ***самостоен орган којшто е создаден за да се постигне заштита на националната државна безбедност и притоа во исто време се цели кон обезбедување на гаранција деќа ќе постои независност, суверенитет, а на граѓаните ќе им се гарантираат слободите и правата.*** Притоа, полициските службеници се обврзуваат да работат од интерес на националната безбедност на државата и се санкционираат секогаш кога не постапуваат така.

АНБ е значајна и поради тоа што работи легитимно согласно македонскиот Устав, полициските закони и меѓународно ратификуваните договори и особено важно е да се напомене тоа што АНБ работи ***независно и без политичко влијание од страна на политичките партии во државата***. Како контролни тела при АНБ се јавуваат следните:

1. Јавниот обвинител на Р.Северна Македонија и
2. Судијата на Врховниот суд на Р.Северна Македонија којшто ја издал наредбата.


Притоа, како надзорни тела се јавуваат следните:

1. Собранието кое е непосредно и работи преку ангажирање на надлежни работни тела,
2. Народниот правобранител на Р.Северна Македонија,

3. Дирекцијата за заштита на лични податоци,
4. Дирекцијата за безбедност на класифицираните информации,
5. Државниот завод за ревизија,
6. Советот за граѓански надзор согласно Законот за следење на комуникациите и
7. Други органи ангажирани согласно македонските закони за полициско постапување.

Со цел подобро разбирање на улогата и надлежностите на АНБ, во продолжение е поставена организациската структура (види слика 1.).

Слика 1.1. Структура на АНБ



Извор: (АНБ,2022)

Согласно одредбите на АНБ и контролата која што се врши, за сочувување на безбедноста е многу важно и ангажирањето на специјалните единици кои се обучени и подготвени, секој во полето на својата експертиза (со посебен нагласор на ***Единицата за брзо распоредување***[41] и ***Тигрите)***. ЕБР главно има за цел да ги реализира следните областувања (ЕБР,2022):[42]

1. воспоставување и одржување на јавен ред и мир при немири и демонстрации
2. спровод на лица барани со локални и меѓународни потерници
3. анти-терористички акции и сите останати подфати од висок ризик
4. обезбедување на домашни и странски ВИП личности
5. давање асистенции на сите институции во Р.М.
6. пружање помош на населението при природни елементарни непогоди и катастрофи.

Разликата помеѓу ЕБР и Тигрите главно се состои во тоа што ЕБР ги врши сите безбедносни активности поврзани со јавниот ред и мир и служи како поддршка на Тигрите во некои посложени безбедносни активности.

Тигрите се задолжени за (МВР,2022):[43]

1. Планирање и извршување најсложени задачи во борба против тероризмот.
2. Решавање заложнички ситуации и ситуации со забарикадирани опасни лица.
3. Апсење криминалци и криминални групи.
4. Решавање ситуации во случај на пружање отпор со огнено оружје.
5. Обезбедување загрозени ВИП личности и објекти.
6. Давање асистенција во борбата против организираниот криминал.

---

[41]Во понатамошниот текст ќе се користи кратенката ЕБР
[42] https://mvr.gov.mk/vest/16899
[43] https://mvr.gov.mk/vest/15108

7. Спасувачки мисии во високопланински и други недостапни терени.
8. Обука и едукација на кадри.

За Тигрите е карактеристично тоа што се специјална единица која се залага против тероризмот, но исто така нуркачките екипи вршат активности кон спасување на давеници, алпинистичките групи вршат активности поврзани со барање на завеани лица, групите за ВИП обезбедување вршат активности поврзани со обезбедување на ВИП личности и сл., додека пак особено важно е да се споменат и тимовите за потраги, снајперските тимови и тимовите за напад.

Пример од праксата на специјалната полициска единица Тигар:[44]

> *Вооружена престрелка во Куманово — полициска акција за разбивање на вооружена терористичка група, која траела на 9 и на 10 мај 2015 година во Куманово. Полициската акција се одвивала во кумановската населба „Диво насеље“, дел од градската месна заедница „Тоде Мендол“, во близина на автопатот Е75.*
>
> *Акцијата започнала рано утрината во 04:30 часот во саботата на 9 мај и траела речиси непрекинато 28 часа, сè до 10:00 часот во неделата на 10 мај. Акцијата завршила со победа на македонските специјални сили и целосно неутрализирање и елиминирање на терористичката група, која дел ѝ се предале на македонските власти во текот на вечерта во саботата на 9 мај.*
>
> *Настаните во Куманово се случиле во период на сериозна политичка криза во Северна Македонија и во период кога, од 5 мај, започнаа антивладини протести.*

[44]Види повеќе на https://www.scribd.com/presentation/497781214/%D0%B0%D0%B0%D0%B0%D0%B0

Во првичните разговори со лицата, кои претходно се предале на полицијата, било посочено дека цели на групата биле напади на државни и цивилни цели, кои би започнале со спроведување од средината на мај. Според сомненијата, како што кажал и портпаролот на Министерството за внатрешни работи, Иво Котески, истакнати членови на групата се претпоставува дека биле: Мухамед Красниќи т.н. Малишева, Мирсад Ндрецај т.н. командант Нато, Сами Укшини т.н. командант Соколи, Бег Ризај алијас командант Бегу и Дем Шеху, алијас Јунику, сите косовски државјани.

Според искажаното од надлежните во македонското Министерство за внатрешни работи може да се заклучи дека станувало збор за една од најопасните терористички групи, а самиот портпарол на македонското МВР има истакнато дека групата била закана за целиот регион и била вклучена во бројни напади, а нејзините членови биле барани со меѓународни потерници.

По утврдувањето на индетитетот на уапсените препознаени се Мухамед Красниќи, Сами Укшини и Деме Шеху. Меѓу убиените се Мирсад Ндрецај и Бег Ризај.

Соопштението дадено на конференција за печатот за тоа дека операцијата за разбивање на терористичката група во Куманово е завршена го дал портпаролот на МВР и изјавил дека „групата која беше стационирана во неколку објекти и претставуваше закана по безбедноста на граѓаните на Република Северна Македонија е целосно неутрализирана и елиминирана“.

Претходно, околу триесетина членови на терористичката група се предала безусловно на полицијата, кои главно биле македонски државјани и еден албански државјанин. Меѓу кои

биле и тројца од водачите Мухамед Красниќи, Сами Укшини и Деме Шеху.

Од страна на македонските безбедносни сили загинале осум припадници на специјалните единици на македонската полиција, а биле повредени дури 37 други полицајци во уличните борби низ тесниот и густо населен урбан дел на приградската населба во Куманово.

Убиени биле следниве припадници на специјалните единици на македонската полиција: • Жарко Кузмановски (р. 1981), од с. Брвеница, Тетовско • Ненад Серафимовски (р. 1987), од с. Зубовце, Гостиварско • Сашо Самојловски (р. 1982), од с. Брвеница, Тетовско • Бобан Ивановиќ (р. 1968), од с. Стајковци, Скопско • Горан Илијевски (р. 1974), од Гостивар • Исамедин Османи (р. 1983), од с. Студеничани, Скопје • Љубиша Аранѓеловиќ (р. 1966), од Скопје • Горан Стојменовиќ (р. 1970), од Миладиновци, Скопје

На страната на терористите, на лице место биле пронајдени 14 мртви тела во униформи, чиј идентитет сè уште не е познат. Како што изјавил и портпаролот на македонското МВР „во моментов не може да се исклучи дека има и други загинати терористи со оглед на фактот што објектите од кои ја напаѓаа полицијата се значително оштетени и можно е во други простории кои дополнително треба да се проверат да има други тела“.

Нема цивилни жртви.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија покренало постапка за приведените во акцијата во Куманото веднаш по самото нивно приведување, откако МВР поднело кривична пријава до Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција против определен број лица

за „терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедност“.

Од 37 обвинети за тероризам и терористичка организација, 33 луѓе беа осудени за делата а за четири лица е донесена ослободителна пресуда. За седуммина беше изречена казна од доживотен затвор. За самата полициска акција стигнале бројни реакции од страна на амбасадата на САД во Скопје, руското Министерство за надворешни работи, мисијата на ОБСЕ во Скопје, делегацијата на Европската Унија во Скопје и други организации испратиле пораки за смиреност на населението и жалење за жртвите.

Во соопштението на руското МНР издадено уште на 9 мај 2015 година, само неколку часа по акцијата, се велело дека „со загриженост ги следиме информациите за вооружен инцидент кој се случи на 9 мај во Куманово. Се надеваме дека во најскоро време ситуацијата ќе биде нормализирана, а сите околности ќе бидат темелно истражени“.

По изречените казни, во Скопје се организираше протест во знак на поддршка на обвинетите, а во Косово беше запалено македонското знаме од револтирани граѓани. Исто така, Владата на Косово додели вкупно 219 илјади евра за семејствата на осудените во случајот, кои според приштинската новинска агенција „Ботапрес.инфо“, средствата се доделуваат на семејствата на осудените за тие да ги покријат трошоците во судската постапка.

57-годишен човек се појавил пред Врховниот суд за време на читањето на пресудите со петарди и објект во налик на експлозив, при што во обид да ги нападне полицајците кои го обезбедувале објектот бил уапсен.

Пример од судската пракса: [45]

Случај Гуцанови (Case of Gutsanovi) против Бугарија - А. бр. 34529/10 Пресуда од 15 октомври 2013 година

Факти: Жалителите, г-дин Борисав Гуцанов, неговата сопруга Моника Гуцанова и нивните две малолетни ќерки, С. и Б. Гуцанови, се бугарски државјани кои се родени во 1967, 1972, 2002 и 2004 година и живеат во Варна. Г-дин Гуцанов е член на парламентот од Социјалистичката партија. Во релевантниот период тој бил претседател на Општинскиот совет во Варна. Во периодот меѓу декември 2009 и април 2010 година Министерството за внатрешни работи спровело неколку полициски операции со цел разбивање на разни криминални групи. Полицијата уапсила голем број на поединци, вклучувајќи и некои политички фигури. На 30 октомври 2009 година, софиската канцеларија на Јавниот обвинител отворила кривична постапка против непознато лице или лица заради злоупотреба на службената должност од страна на државен службеник и проневера на јавни фондови. На 31 март 2010 година, претпладнето во 6.30 часот, полицијата влегла во домот на семејството Гуцанови и го уапсиле г-н Гуцанов и ги претресле просториите. Била издадена наредба за притвор за г-дин Гуцанов во времетраење од дваесет и четири часа. Кога г-дин Гуцанов го напуштил својот дом околу 13 часот со полициска придружба, новинари и телевизиски екипи веќе биле насобрани надвор. Регионалниот јавен обвинител во Варна, полицискиот комесар и раководителот на службата за борба против организиран криминал одржале конференција за печатот. Следниот ден,

[45]https://hudoc.echr.coe.int

еден регионален дневен весник ги објавил коментарите на јавниот обвинител заедно со извадоци од едно интервју со министерот за внатрешни работи во врска со случајот. На истиот ден во 22.55 часот, обвинителот покренал обвинение против г-дин Гуцанов за неколку кривични дела, меѓу кои и вмешаност, во својство на државен службеник, во криминална група, чии активности вклучувале доделување договори што биле на штета на општината, и злоупотреба на службената должност од страна на државен службеник. Обвинителот наредил притвор за г-дин Гуцанов со времетраење од седумдесет и два часа, со цел да се обезбеди неговото појавување пред суд. На 3 април 2010 година г-дин Гуцанов бил изведен пред судија и останал во притвор. Судот оценил дека немало никаков ризик дека тој ќе побегне, но сметал дека продолжувањето на мерката притвор било оправдано поради ризикот дека би можел да изврши понатамошни прекршоци. Гдин Гуцанов ја обжалил одлуката пред апелацискиот суд, без успех. На 18 мај 2010 година Регионалниот суд ја одбил жалбата за ослободување од притвор на жалителот, кој ја обжалил одлуката пред апелацискиот суд. Апелацискиот суд издал наредба со која тој бил ставен во домашен притвор. На 26 јули 2010 година судот издал наредба за ослободување на г-дин Гуцанов со кауција. На 26 април 2013 година кривичната постапка против г-дин Гуцанов сè уште била во прелиминарна истражна фаза. Иако жалбите, постапката и составот на Судот биле засновани на членот 3 (забрана за мачење и нечовечко или понижувачко постапување), жалителите тврделе дека тие биле подложени на понижувачко постапување што произлегло од полициската операција во нивниот дом. Во согласност со членот 5 (право на слобода и безбедност), гдин Гуцанов тврдел дека тој не бил брзо изведен пред судија, дека бил премногу долго држен во притвор, дека

домашните судови не навеле релевантни и доволен број причини за неговиот продолжен притвор и дека тој немал пристап до никакво домашно правно средство што би му овозможило да добие надомест за ваквите наводни повреди. Повикувајќи се на членот 6 став 2 (претпоставка на невиност) и на членот 13 (право на реална жалба), г-дин Гуцанов се пожалил дека забелешките од страна на премиерот, министерот за внатрешни работи и регионалниот јавен обвинителго повредиле неговото право на презумпција на невиност. Исто така тој се пожалил и на причините наведени за одлуката од 18 мај 2010 година за продолжување на неговиот притвор. Во согласност со членот 8 (право на почитување на домот, приватниот и семејниот живот), семејството Гуцанови тврдело дека претресот што бил извршен во нивниот дом претставувал неоправдано мешање во нивното право на почитување на нивниот дом и нивниот семеен живот.

Повикувајќи се на членот 13 (право на реална жалба), жалителите тврделе дека тие не располагале со никакво ефективно домашно правно средство во поглед на наводните повреди на нивното право да не бидат подложени на нечовечко или понижувачко постапување и нивното право на почитување на нивниот дом.

Одлука на Судот: Член 3 - Судот оценил дека целта на полициската операција била апсење, претрес и заплена на предмети; таквата цел го застапувала јавниот интерес за гонење на кривични дела. Судот забележал дека, иако четирите члена на семејството не претрпеле никакви физички повреди во текот на полициската операција, таа сепак вклучувала употреба на физичка сила. Влезната врата на куќата била насила отворена од страна на тим специјалци,

а г-дин Гуцанов бил имобилизиран од маскирани вооружени полицајци, насила бил одведен долу и бил врзан со лисици. Г-дин Гуцанов бил претседател на Општинскиот совет во Варна и бил добро позната политичка фигура во градот. Немало докази кои укажувале на тоа дека тој имал претходн историја на насилство и дека би можел да претставува опасност за полициските службеници. Вистина било дека тој поседувал огнено оружје и муниција; меѓутоа, Судот сметал дека присуството на оружје во домот на жалителот не можело само по себе да го оправда распоредувањето на единицата за специјални интервенции или видот на сила која била употребена. Судот истакнал дека можното присуство на членовите на семејството на местото на апсењето бил фактор што требало да биде земен предвид при планирањето и спроведувањето на овој вид операција. Покрај тоа, сопругата на г-дин Гуцанов не била осомничена, а нивните две ќерки биле психички ранливи поради нивната млада возраст (пет и седум години). Се чинело дека г-ѓа Гуцанова и нејзините ќерки биле многу сериозно погодени од настаните. Чувството на страв и вознемиреност кое го искусиле овие три жалители го навела Судот да заклучи дека тие биле подложени на понижувачко постапување. Полициската операција била планирана и спроведена без да се земат предвид голем број фактори, вклучувајќи ја и природата на кривичните дела за кои бил осомничен г-дин Гуцанов, фактот дека тој немал претходна историја на насилство и можното присуство на неговата сопруга и ќерки во куќата. Сите овие елементи јасно укажувале на тоа дека средствата што биле искористени да се уапси г-дин Гуцанов во неговиот дом биле прекумерни. Соодветно на тоа, и тој бил подложен на нечовечко постапување.

Член 5 ставови 3 и 5 - Г-дин Гуцанов бил уапсен утрото на 31 март 2010 година во 6 часот и 30 минути и бил изведен пред судија три дена, пет часа и триесет минути подоцна. Прво, Судот забележал дека г-дин Гуцанов бил осомничен за проневера на јавни фондови и злоупотреба на службената должност, но дека тој не бил осомничен за вмешаност во насилни криминални активности. За време на првиот ден од неговиот притвор г-дин Гуцанов учествувал во неколку истражни мерки. Сепак, Владата не изнела никаков аргумент што би го оправдал фактот дека тој не бил изведен пред судија на денот по неговото апсење и обвинение. Оттука произлегло дека има повреда на членот 5 став 3. Второ, Судот утврдил дека г-дин Гуцанов четири месеци бил лишен од неговата слобода, од кои два месеци поминал во домашен притвор. Уште од неговите првични барања за ослободување домашните судови оцениле дека немало никаков ризик дека тој ќе побегне. Тие сепак наредиле продолжување на мерката притвор врз основа на тоа дека би можел да изврши понатамошни прекршоци, особено да прикрива или уништува докази. Апелацискиот суд, во својата одлука од 25 мај 2010 година, оценил дека вториот ризик, исто така, престанал да постои со оглед на оставката на жалителот од неговата позиција на претседател на општинскиот совет. Г-дин Гуцанов сепак бил ставен во домашен притвор без апелацискиот суд да наведе каква и да е конкретна причина за да ја оправда оваа мерка, која останала на сила два месеца. Соодветно на тоа, Судот заклучил дека властите не успеале во нивната обврска да го оправдаат продолжувањето на притворот на жалителот по 25 мај 2010 година. Тој утврдил натамошна повреда на членот 5 став 3. Што се однесува до можните домашни правни средства, Судот сметал дека барањето за отштета што е предвидено со Законот за одговорност на државата не може

да се смета како ефективно домашно правно средство. Според Судот немало друга одредба во домашното законодавство со која би можело да се добие надомест за претрпената штета во однос на прекумерната должина на притворот или на доцнењето на изведувањето пред судија. Затоа Судот сметал дека имало повреда на членот 5 став 5.

Член 6 став 2 - Судот не сметал дека коментарите на премиерот за медиумите имале за цел да го повредат правото на презумпција на невиност на г-дин Гуцанов или дека тие ги имале тие последици. Исто така, тој не утврдил дека забелешките што ги дал регионалниот јавен обвинител на Варна на конференцијата за печатот го повредиле начелото на презумпција на невиност. Спротивно на тоа, коментарите дадени од страна на министерот за внатрешни работи на денот по апсењето на г-дин Гуцанов, и објавени во весник во време кога случајот бил предмет на силен јавен интерес, го преминале обичното пренесување информации. Според мислењето на Судот, коментарите на министерот оставиле впечаток во јавноста дека г-дин Гуцанов бил еден од „мозоците" зад криминалната група што отуѓила големи суми на јавни пари. Судот заклучил дека коментарите го повредиле правото на презумпција на невиност на г-дин Гуцанов.

Што се однесува до причините наведени за одлуката за продолжување на притворот на г-дин Гуцанов, судијата изјавил дека судот „останува на ставот дека било сторено кривично дело и дека обвинетиот бил вмешан". Според мислењето на Судот, оваа реченица соодветствувала на прогласување на вина уште пред да биде донесена каква и да е одлука за основаноста, и го повредила правото на презумпција на невиност на г-дин Гуцанов.

Член 8 став 2 - Претресот бил извршен без претходно овластување од страна на судија. Записникот изготвен по претресот бил доставен до судија од судот, кој формално го одобрил, но не навел никакви причини. Според мислењето на Судот, ова не претставувало доволна основа за да се утврди дека судијата спровел ефикасно преиспитување на законитоста и на потребата од претресот. Понатаму, со оглед на тоа што кривичната истрага била отворена пет месеци претходно, надлежните за истрагата можеле да побараат судски налог пред извршувањето на претресот. Судот сметал дека во отсуство на претходно одобрение од страна на судија и на ретроспективно преиспитување намерката за која станувало збор, постапката не била придружена со доволно заштитни мерки за да се спречи ризикот од злоупотреба на власта од страна на органите на кривичниот прогон. Жалителите биле ефективно лишени од потребната заштита од арбитрарност и од таа причина имало повреда на членот 8 став 2.

Член 13 во врска со членовите 3 и 8 - Судот забележал дека ниту кривична пријава, ниту барање за отштета против државата би можело да се каже дека претставуваат соодветно домашно правно средство. Тој истакнал дека нанесувањето на психолошко страдање не претставувало кривично дело во домашното право, а тоа однапред ја осудувало на неуспех евентуалната кривична пријава од страна на жалителите. Жалителите немале на располагање ниту едно домашно правно средствосо кое би го потврдиле нивното право да не бидат подложени на нечовечко или понижувачко постапување или нивното право на почитување на нивниот дом.

Затоа Судот утврди повреда на член 13 во врска со членовите 3 и 8. Правичен надоместок (член 41). Судот одлучи дека Бугарија треба да им плати на жалителите заедно 40.000 евра за нематеријална штета и 4.000 евра за трошоци и издатоци.

Глава 3. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНО ПРИМАРНО ИСТРАЖУВАЊЕ

3.1. Дефинирање на проблемот на истражувањето

Проблемот на истражувањето се дефинира како: *која е улогата на полицијата на Р.Северна Македонија во откривање или превенција на криминалитетот со посебен осврт на примената на полициските овластувања?*

3.2. Методологија на истражувањето

Методолошки, при изработката на овој магистерски труд се применуваат повеќе научни методи типични за истражувања во областа на безбедноста. За добро разбирање и презентација на теоретските сознанија стекнати при изработката на оваа тема се применувани повеќе научни сознанија на видни професори и експерти од областа на казненото право, криминологија, полициско право и криминалистика. Методологијата и принципите кои се користени и врз основа на кои се изработи магистерскиот труд се:

- *Метод на аналитички приод,*
- *Метод на споредба,*
- *Историски метод,*
- *Принципот на научност и докажаност и*
- *Принцип на поврзување на теорија и пракса*.

Методите на анализа се користени со цел правилно анализирање и утврдување на законската рамка. Компаративниот метод е користен со цел да се направи квалитетна и правилна споредба на македонското и законодавството на други држави од светот. Исто така компаративниот метод е користен за да се направи разлика помеѓу постојниот и новиот Закон за кривична постапка.

3.3. Предмет на истражувањето

Предмет на истражувањето се *полициските овластувања, со посебен фокус на улогата на АНБ и ангажирањето на специјалните единици.*

3.4. Задачи на истражувањето

Истражувањето цели кон тоа да ги исполни следните истражувачки задачи:

- Да се докаже дека полицијата има видно влијание врз сочувувањето на безбедноста.
- Да се докаже дека полицијата има видно влијание врз превенција на криминалот.
- Да се докаже дека полицијата има видно влијание врз сузбивање на криминалот.
- Да се докаже дека АНБ има трансформациска безбедносна улога.
- Да се докаже дека ангажирањето на специјалните единици во голема мера влијае врз унапредување на безбедноста во државата.

3.5. Истражувачки хипотези

Од претходно наведените релевантни истражувања и од наодите во литературата во врска со проблемот на ова истражување, може да се постават хипотезите.

Главната хипотеза која треба да се провери: *Полициските единици имаат значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија*.

Од главната хипотеза може да се извлечат неколку потхипотези кои што се подложени на тестирање:

1. АНБ има значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија.
2. ЕБР има значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија.
3. Тигрите имаат значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија.

3.6. Варијабли во истражувањето

Независна варијабла

- *Полициска спремност* која е способност полицискиот кадар успешно да одговори на безбедносните барања. Примена на иснтрумент со кој што ќе се одреди нивото кое што ќе покаже колку полициските службеници поседуваат способност и свесност за рабирање на нивната улога во насока на сочувување на националната безбедност.

Зависни варијабли

- *Ангажирање на конкретна специјална единица* е проценка која што надлежните институции ја прават согласно тоа што треба да се изврши за да се одговори на безбедносните предизвици.

- *Следење и контрола поврзани со работата на АНБ* кои се суштински потребни за навремено одговарање на безбедносните предизвици.

Релевантни варијабли

- *Пол* претставува организмичка варијабла што ја одредува припадноста на испитаниците кон машкиот или кон женскиот пол.

- *Возраста* како демографска карактеристика ги вклучува безбеносните структури во неколку групи (20-35/35-50/над 50 години)

- *Припадноста кон специјална единица* е демографска карактеристика која вклучува испитаниците припадници на различни специјални единици., а за потребите на овој труд насоченоста е кон ЕБР и Тигрите.

- *Работен стаж* што е одреден врз основа на бројот на години кој што припадникот ги поминал во работа, независно од тоа дали се сите остварени во истата специјална единица или во различни и се поделени според тоа во две групи до 15 години работен стаж и над 15 години работен стаж.

- *Степен на образование* што се однесува на последното достигнато ниво на образување на припадникот и според тоа се поделени неколку групи – средно/вишо/високо.

3.7. Мерни инструменти

Со цел тестирање на хипотезите за целите на истражувањето се примени *анкетен прашалник од затворен тип*, составен од приближно 20 прашања со кои се докажа дали и колку полицијата влијае врз превенцијата и сузбивањето на криминалот на Р.Северна Македонија. Дополнително, се спроведе *интервју со експерти од АНБ* со кои исто така се цели да се докаже дали и колку полицијата влијае врз превенцијата и сузбивањето на криминалот на Р.Северна Македонија.

3.8. Популација и примерок

Интервјуто е спроведено со вкушно 5 испитаници кои се експерти од АНБ, на основа на претходно добиена согласност за учество во истражувањето. Анкетниот прашалник опфати 100 припадници на специјални единици во Р.Северна Северна Македонија за кои се процени дека се доволно искусни, обучени и дека имаат надминато одредени ситуации во кои било потребно да се одговори професионално, брзо и доверливо.

3.9. Постапка за прибирање на податоците

По изготвувањето на анкетниот прашалник, истиот се обработи во апликацијата Google Forms и електронски се дистрибуираше до таргет групата. По добивање на предвидениот број на одговори, апликацијата беше затворена за нови одговори и се пристапи кон статистичка обработка на податоците.

3.10. Статистичка обработка на податоците

Податоците се хистограмски обработени во Excel, односно, за секое прашање се наведени табели и графикони со апсолутни бројки и проценти и текстуално елаборирани.

3.11. Добиени резултати од спроведено интервју

Квалитативно, за истражувачките цели спроведено е истражување со примена на интервју и притоа интервјуирани се пет лица од АНБ.

` На првото прашање *Која е улогата на полицијата на Р.Северна Македонија во откривање или превенција на криминалитетот со посебен осврт на примената на полициските овластувања?,* според првото интервјуирано лице улогата е голема поради фактот дека со примената на полициските овластувања се открива и сузбива криминалот и тоа го потврдува и второто интервјуирано лице според кое улогата на полицијата е со примена на специфични методи во рамките на полициските овластувања утврдени со закон навремено да открива, превенира и спречува криминални активности. Според третото интервјуирано лице улогата на полицијата главно е сконцентрирана на одржување на редот и мирот преку почитување на законот, спречување на вршење на казниви дела и откривање на сторителите на кривични дела, додека пак според четвртото интервјуирано лице основна улога и функција на полицијата е заштита и почитување на човековите слободи и права кои се гарантирани со Уставот на Р.Северна Северна Македонија, како и заштита на правниот поредок, спречување и откривање на казниви дела и нивните сторители преку примена на полициските овластувања. Крајно, според петтото интервјуирано лице полицијата преку примена на полициски овластувања и своите методи на работа работи на навремено откривање на казливи дела и нивна превенција, прво со нивно присуство и оперативно работење во насока на детектирање безбеднодосни проблеми, а потоа преку овластувањата (легитимирање, преглед, претрес, повикување и разговори во службени простории) и мерките за присилба (лишување, злоупотреба на сила

итн) работат на откривање и превенција на криминалитетот пред употреба на репресивни мерки.

На второто прашање *Дали полицијата има видно влијание врз сочувувањето на безбедноста во државата?,* има висока согласност во одговорите при што првото интервјуирано лице смета дека има преку примена на полициските овластувања, второто смета дека има но важен фактор е корупцијата,третото смета дека има силно влијание затоа што полицијата не само што го спроведува законот туку полицијата е служба надлежна за одржување на редот и мирот во државата, четвртото интервјуирано лице смета дека имајќи ја предвид превентивната функција на полицијата како сервис на граѓаните, вклученоста и соработката со другите органи придонесуваат за зачувување на безбедноста на граѓаните и државата воопшто и според петтото интервјуирано лице, полицијата има видно влијание бидејќи преку своите превентивни и репресивни мерки влијае врз стапката на криминалитет, а преку тоа и поттикнува поднесување кривични пријави и обезбедување на докази за истите што влијае на движењето на сторителите во градски и рурални подрачја и истите ги процесира до Обвинителството.

На третото прашање *Дали полицијата има видно влијание врз превенцијата на криминалитет во државата?,* има дискутабилна согласност па оттука според првото интервјуирано лице влијае преку примена на полициски овластувања т.е. преку откривање и сузбивање на криминалот, според второто интервјуирано лице нема видно влијание затоа што работи по случувањето на криминалните активности, според третото интервјуирано лице има влијание преку примена на превентивни и репресивни мерки односно, полицијата има превентивна улога за спречување на вршење на кривични дела и прекршоци. Според четвртото интервјуирано лице, има видно влијание затоа што ја следи и анализира безбедносната состојба во државата, појавните форми и облици на криминалитет и присутна е на терен со што допринесува кон намалување на криминалот, а воедно и превентивно делува во неговото спречување. Според петтото интервјуирано лице полицијата со самото присуство на терен и употребувајќи ги своите методи на работа и полициски

овластувања со кои располага превентивно влијае врз криминалитетот и сторителите на казниви дела, а дополнително, оперативното работење преку човечки извори кое е проследено со задржување, предупредување и забрана за движење во одредени ситуации превентивно влијае врз сторителите и во голем број на случаи ги одвраќаат сторителите од извршување казниви дела и на тој начин го намалуваат степенот на криминалитет.

На четвртото прашање *Дали полицијата има видно влијание врз сузбивањето/посташувањето на криминалитетот во државата?,* според првото интервјуирано лице има затоа што го одржува јавниот ред и мир и го сузбива криминалот додека пак според второто интервјуирано лице нема видно влијание. Според третото интервјуирано лице има влијание и една од главните приоритети на полицијата е борба и сузбивање на криминалот преку примена на превентивните и репресивните мерки. Согласно е и четвртото интервјуирано лице според кое преку професионална и отчетна полиција се придонесува кон сузбивање на криминалот, додека пак според петтото интервјуирано лице полицијата има видно влијание бидејќи во спротивно би настанал безбедносен хаос и огромна стапка на криминалитет, а со самото присуство и функционирање настапува превентивно делување додека пак со секоја постапка и откривање преку репресивни мерки и примена на своите овластувања полицијата ја намалува стапката на криминалитет што психолошки и превентивно влијае врз идните сторители на казниви дела.

На петтото прашање *Зошто АНБ има трансформациска безбедносна улога?,* добиен е одговорот дека има важна улога во областа на безбедноста и врз основа на нејзините сознанија се креираат одлуки на највисоко ниво, а второто интервјуирано лице констатира дека трансформациската безбедносна улога и е гарантирана со законот. Третото интервјуирано лице констатира дека врз основа на разузнавачките сознанија кои ги добива АНБ се носат одлуки на државно ниво и АНБ е суштински важна затоа што собира, обработува, анализира, проценува и чува податоци и информации кои имаат за цел откривање и спречување на активности кои се поврзани со безбедносните закани и ризици за националната безбедност на државата. Според четвртото

интервјуирано лице АНБ има трансформациска безбедносна улога во безбедносно разузнавачката заедница бидејќи врз основа на добиени сознанија и информации допринесува навремено превентивно делување како и спречува криминални активности, тероризам, екстремизам и други потешки форми на организиран криминал. Последното интервјуирано лице констатира дека од 2019-та год., АНБ нема трансформациска безбедносна улога, а пред 2019-та год., имала трансформациска улога и од тајни методи на работи во одреден момент на формирање на акција се трансформираше во јавна и започна со применување на полициски овластувања преку претреси, лишување од слобода, разговори со лица во полициски станици итн.


На шестото прашање *Како ангажирањето на специјалните единици влијае врз унапредувањето на безбедноста во државата?*, првото интервјуирано лице смета дека со примена на специјалните единици поефикасно се реализираат важни безбедносни акции, второто интервјуирано лице смета дека специјалните единици треба да се ангажираат во исклучиво комплицирани или безбедносно ризични операции, третото интервјуирано лице смета дека специјалните единици треба да се ангажираат во исклучиво комплицирани и ризични ситуации како што се ситуациите со приведување и апсење на криминалци или личности барани од законот, спасување заложници, спасувачки мисии во високопланински и недостапни терени и обезбедување на јавни личности. Според четвртото интервјуирано лице вклученоста на специјалните полициски единици во сложени безбедносни акции во кои се инволвирани поголем број на чинители, материјални и технички средства придонесува за успешно справување со терористички и криминални групации и нивно разбивање на кој начин се спречува нивно делување на подрачјето и тоа допринесува за подигнување и унапредување на целокупната безбедност. Петтото интервјуирано лице констатира дека специјалните сили се единствените кои можат и се подготвени да се справат со комплексни ситуации и акции од висок ризик и според тоа вршејќи ги тие работи влијаат врз безбедноста во државата и покрај тоа специјалните сили не се постојано на терен оперативно и се најсигурни во поглед на корупцијата што во голема мера

влијае врз ефикасноста на акциите што ги спроведуваат, а со самото тоа влијаат на безбедноста.

3.12. Добиени резултати од спроведен анкетен прашалник

Со помош на хистограмска обработка, во продолжение на трудот се елаборирани добиените резултати од анкетниот прашалник при што за секое прашање демографско или прашање од главната категорија следи графички приказ, табеларен приказ, а потоа елаборирање на добиениот резултат повикувајќи се на процентуалната согласност.

Графикон 3.1. Пол на испитаници




Машки	93%
Женски	7/5

Извор: добиени резултати од спроведено примарно истражување

Согласно добиените резултати во врска со демографските податоци во однос на полот 93% се машки испитаници, наспроти 7% коишто се женски испитаници (графикон 3.1). Разликата во бројот на испитаници во однос на полот е главно причина поради тоа што во безбедносните единици во видно поголем број се вработени мажи, иако со истражувањето имаше иницијатива за активно вклучување и на женските испитаници.

Графикон 3.2. Возраст на испитаници



18-25 год.	14%
26 до 36 год.	61%
Повозрасни од 37 год.	25%

Извор: добиени резултати од спроведено примарно истражување

Во однос на возраста, 61% од испитаниците се на возраст помеѓу 26 и 26 год., 26% од испитаниците се повозрасни од 37 год., и само 14% од вкупниот број на испитаници се на возрасна граница помеѓу 26 и 36 год., при што резултатите се претставени на графиконот 3.2. Оттука, постои разноликост во однос на испитаниците според нивната возраст.

Графикон 3.3. Степен на образование




Средно	48%
Високо	44%
Магистерски/докторски	8%

Извор: добиени резултати од спроведено примарно истражување

Демографски, испитан е и степенот на образование на испитаниците и според прикажаните резултати на графиконот 3.3., јасно се согледува дека 48% од испитанците се со средно образование, 44% се со завршено високо образование и 8% од испитаниците се со завршени магистерски/докторски студии.

Графикон 3.4. Работен стаж во полициските единици на РМ




Помалку од 10 год.	60%
Помеѓу 10 и 20 год.	23%
Повеќе од 20 год.	17%

Извор: добиени резултати од спроведено примарно истражување

Имајќи предвид дека работното искуство е од суштинско значење за испитаниците кои се опфатени со истражувањето истото е простудирано со истражувањето и според графиконот 3.4. 60% од испитаниците се со работен

стаж помалку од 10 год., 17% работат во полициските единици повеќе од 20 год., а 23% работат помеѓу 10 и 20 год. Резултатите се претставени на графиконот 3.4. Работното искуство се поврзува со претходниот резултат според кој се опфатени поголем број на млади кадри кои согласно годините би биле вработени помалку од 10 години.

Графикон 3.5. Добиени одговори за првото прашање: Полицијата е сектор кој успева да ја сочува безбедноста на граѓаните во Република Северна Македонија, а постојаниот напредок во редовите на полицијата, овозможува да се создадат услови за слободно движење и работење на граѓаните.




Да	91%
Не	7%
Неутрален став	2%

Извор: добиени резултати од спроведено примарно истражување

Во врска со констатацијата дека полицијата е сектор кој успева да ја сочува безбедноста на граѓаните во Република Северна Македонија, а постојаниот напредок во редовите на полицијата, овозможува да се создадат услови за слободно движење и работење на граѓаните согледана е висока согласност кај испитаниците при што 91% од испитаниците се целосно согласни, 7% имаат неутрален став и само 2% од испитаниците не се согласни.

Резултатите се претставени на графиконот 3.5. Со овој резултат се оправдува актуелноста на истражувањето и се потврдува дека е суштински значајно да се истражи улогата на полицијата во насока на постигнување на превенција и заштита на населението во државата.

Графикон 3.6. Добиени одговори за второто прашање: Полицијата како безбедносен сектор е постојано дел од разни обуки на кои полицискиот кадар учи како да биде физички и психички подготвен да се соочи со сите безбедносни предизвици, односно, да биде умешен да се соочи со секаков вид на криминал којшто ќе се пријави и по која што пријава ќе треба да се постапи.




Да	84%
Не	12%
Неутрален став	4%

Извор: добиени резултати од спроведено примарно истражување

Следно, во врска со констатацијата според која полицијата како безбедносен сектор е постојано дел од разни обуки на кои полицискиот кадар учи како да биде физички и психички подготвен да се соочи со сите безбедносни предизвици, односно, да биде умешен да се соочи со секаков вид на криминал којшто ќе се пријави и по која што пријава ќе треба да се постапи, исто така има висока согласност од 84%, наспроти 12% од испитаниците кои не се согласни со

наведеното и само 4% кои покажуваат неутрален став. Резултатите се претставени на графиконот 3.6. Со овој резултат се потврдува дека полицијата во државата е добро обучена и прави напори успешно да одговори на безбедносните предизвици во државата со цел да ја држи безбедноста на населението на високо ниво.

Графикон 3.7. Добиени резултати за третото прашање: Соочувањето со криминалот е долг и динамичен процес кој бара соработка помеѓу повеќе безбедносни единици кои треба да работат заедно и во насока на успешна превенција и сузбивање на криминалот.




Да	98%
Не	1%
Неутрален став	1%

Извор: добиени резултати од спроведено примарно истражување

Следи констатацијата дека соочувањето со криминалот е долг и динамичен процес кој бара соработка помеѓу повеќе безбедносни единици кои треба да работат заедно и во насока на успешна превенција и сузбивање на криминалот за која според добиените резултати на графиконот 3.7. е јасно дека 98% од испитаниците се согласни, 1% не се согласни и 1% се со неутрален став. Имено, соработката е од круцијално значење затоа што безбедносните единици во државата функционираат како еден заеднички безбедносен синџир и тешко

е да се сочува безбедноста доколку безбедносните заедници не соработуваат и не си ги пренесуваат информациите. Затоа, контролните единици носат одлуки за заеднички обуки помеѓу специјалните единици со цел нивно подобро запознавање и успешна координација коешто пак е потребно за да во иднина можат да постапат заедно и професионално.

Графикон 3.8. Добиени резултати за четвртото прашање: Суштината на имплементирањето на модерната концепција на менаџментот на полициските службеници во функционирањето на безбедноста се состои во обезбедување на негова активна улога во осигурувањето, овозможувањето или помагањето при остварувањето на замислените долгорочни цели во насока на служење на граѓаните и давање на помош секогаш кога тоа им е потребно.




Да	84%
Не	4%
Неутрален став	12%

Извор: добиени резултати од спроведено примарно истражување

Следно, согледана е висока согласност и во врска со тоа дека суштината на имплементирањето на модерната концепција на менаџментот на полициските службеници во функционирањето на безбедноста се состои во обезбедување на негова активна улога во осигурувањето, овозможувањето или помагањето при остварувањето на замислените долгорочни цели во насока на

служење на граѓаните и давање на помош секогаш кога тоа им е потребно, за што согласни се 84% од испитаниците, 12% се со неутрален став и 4% покажуваат несогласување со наведената констатација. Добиените резултати се претставени на графиконот 3.8. и станува јасно дека македонската полиција се води од светските трендови и се вложува во нејзина модернизација и поголема ефикасност во работењето.

Графикон 3.9.Добиени резултати за петтото прашање: Во Р.Северна Македонија, сочувувањето на безбедноста во голема мера се поврзува со постоењето на АНБ која од своето основање покажа видни резултати на полето на безбедноста.




Да	56%
Не	18%
Неутрален став	26%

Извор: добиени резултати од спроведено примарно истражување

Следи констатацијата според која во Р.Северна Македонија, сочувувањето на безбедноста во голема мера се поврзува со постоењето на АНБ која од своето основање покажа видни резултати на полето на безбедноста и за истата има поделени мислења како што може да се види на графиконот 3.9, односно, 56% се апсолутни согласни, 18% не се согласни и 26% се со неутрален

став во врска со констатацијата. Притоа, имајќи предвид дека станува збор за генерално нова агенција за безбедност голема е веројатноста дека се уште недостига позитивна информираност во врска со надлежностите на истата и плановите за нејзин развој во иднина од перспектива на помагање на полициската ангажираност на полето на безбедноста.

Графикон 3.10.Добиени резултати за шестото прашање: АНБ претставува самостоен орган којшто е создаден за да се постигне заштита на националната државна безбедност и притоа во исто време се цели кон обезбедување на гаранција деќа ќе постои независност, суверенитет, а на граѓаните ќе им се гарантираат слободите и правата. Притоа, полициските службеници се обврзуваат да работат од интерес на националната безбедност на државата и се санкционираат секогаш кога не постапуваат така.




Да	73%
Не	12%
Неутрален став	15%

Извор: добиени резултати од спроведено примарно истражување

Во врска со констатацијата дека АНБ претставува самостоен орган којшто е создаден за да се постигне заштита на националната државна безбедност и притоа во исто време се цели кон обезбедување на гаранција деќа ќе постои

независност, суверенитет, а на граѓаните ќе им се гарантираат слободите и правата и дека притоа, полициските службеници се обврзуваат да работат од интерес на националната безбедност на државата и се санкционираат секогаш кога не постапуваат така и има висока согласност дека АНБ врши висока контрола врз полициските единици и притоа успева да воспостави јасна граница и ограничување врз полициските работи и надлежности во државата.

Графикон 3.11.Добиени резултати за седмото прашање Согласно одредбите на АНБ и контролата која што се врши, за сочувување на безбедноста е многу важно и ангажирањето на специјалните единици кои се обучени и подготвени, секој во полето на својата експертиза (со посебен нагласок на Единицата за брзо распоредување и Тигрите).




Да	96%
Не	2%
Неутрален став	2%

Извор: добиени резултати од спроведено примарно истражување

Следи резултатот според кој има апсолутно висока согласност во врска со тоа дека согласно одредбите на АНБ и контролата која што се врши, за сочувување на безбедноста е многу важно и ангажирањето на специјалните единици кои се обучени и подготвени, секој во полето на својата експертиза (со посебен нагласок на Единицата за брзо распоредување и Тигрите) и притоа

целосно се согласни 96% и мал процент се несогласни или имаат неутрален став во врска со констатацијата. Тоа е докажано и во пракса со што голем број на сериозни безбедносни случаи се доверени токму на овие две специјални единици. Резултатите се претставени на графиконот 3.11.

Графикон 3.12.Добиени резултати за осмото прашање Полициските единици имаат значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија.




Да	95%
Не	2%
Неутрален став	3%

Извор: добиени резултати од спроведено примарно истражување

Има висока согласност и во врска со тоа дека полициските единици имаат значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија што јасно се согледува на графиконот 3.12. каде 95% се изјаснети дека полицијата максимално е ангажирана и успева да воспостави ред и безбдносен мир во државата, наспроти 3% кои се со неутрален став и 2% кои покажуваат несогласување. Резултатите се претставени на графиконот 3.12.

Графикон 3.13.Добиени резултати за деветтото прашање ЕБР оддава влијание врз намалувањето на криминалитетот во државата преку воспоставување и одржување на јавен ред и мир при немири и демонстрации, спровод на лица барани со локални и меѓународни потерници, анти-терористички акции и сите останати подфати од висок ризик, обезбедување на домашни и странски ВИП личности и давање асистенции на сите институции во Р.М.




Да	87%
Не	6%
Неутрален став	7%

Извор: добиени резултати од спроведено примарно истражување

Следи дека ЕБР оддава влијание врз намалувањето на криминалитетот во државата преку воспоставување и одржување на јавен ред и мир при немири и демонстрации, спровод на лица барани со локални и меѓународни потерници, анти-терористички акции и сите останати подфати од висок ризик, обезбедување на домашни и странски ВИП личности и давање асистенции на сите институции во Р.М. и со оваа констатација се согласни 87% проценти од испитаниците, додека останатите се со неутрален став или пак не се согласни (според добиените резултати претставени на графиконот 3.13).

Графикон 3.14.Добиени резултати за десеттото прашање ЕБР има значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија.




Да	89%
Не	3%
Неутрален став	8%

Извор: добиени резултати од спроведено примарно истражување

Во однос на ЕБР, добиен е резултатот дека оваа специјална единица има значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија и тоа се докажа со резултатите на графиконот 3.14. каде јасно се согледува согласност од 89% наспроти 8% неутрален став и 3% несогласување од страна на испитаниците. Имено, ЕБР низ годините зад себе има голем број на сложени безбедносни активности поврзани со јавниот ред и мир во државата од коишто зависела моменталната ситуација, на пример политичките случувања и немирите поради незадоволството, присутни кај населението во државата.

Графикон 3.15.Добиени резултати за единаесеттото прашање Тигрите оддаваат влијание врз намалувањето на криминалитетот во државата преку планирање и извршување најсложени задачи во борба против тероризмот, решавање заложнички ситуации и ситуации со забарикадирани опасни лица, апсење криминалци и криминални групи, решавање ситуации во случај на пружање отпор со огнено оружје, обезбедување загрозени ВИП личности и објекти, давање асистенција во борбата против организираниот криминал, спасувачки мисии во високопланински и други недостапни терени и обука и едукација на кадри.




Да	98%
Не	0%
Неутрален став	2%

Извор: добиени резултати од спроведено примарно истражување

Присутна е целосна согласност од 98% во врска со тоа дека Тигрите оддаваат влијание врз намалувањето на криминалитетот во државата преку планирање и извршување најсложени задачи во борба против тероризмот, решавање заложнички ситуации и ситуации со забарикадирани опасни лица, апсење криминалци и криминални групи, решавање ситуации во случај на пружање отпор со огнено оружје, обезбедување загрозени ВИП личности и објекти, давање асистенција во борбата против организираниот криминал, спасувачки мисии во високопланински и други недостапни терени и обука и

едукација на кадри, наспроти 2% кои имаат неутрален став во врска со констатацијата.

Графикон 3.16. Добиени резултати за дванаесеттото прашање Тигрите имаат значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија.



Да	97%
Не	1%
Неутрален став	2%

Извор: добиени резултати од спроведено примарно истражување

Сублимирано, има висока согласност од 97% за тоа дека тигрите имаат значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија. Тоа е докажано и во пракса имајќи предвид дека тигрите се главна специјална единица која што успешно има одговорено на бројни безбедносни предизвици врзани со тероризам и друг вид на сериозни безбедносни напади. Резултатите се прикажани на графиконот 3.16.

3.13. Дискусија на добиените резултати и потврдување на хипотетската рамка

По деталната статистичка анализа на резултатите се пристапи кон дискусија на претставените резултати, па оттука прво се направи тестирање на главната хипотеза која сугерираше дека ***Полициските единици имаат значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија и истата се потврди согласи теоретското прикажување и емпириските резултати.*** Во врска со констатацијата дека полицијата е сектор кој успева да ја сочува безбедноста на граѓаните во Република Северна Македонија, а постојаниот напредок во редовите на полицијата, овозможува да се создадат услови за слободно движење и работење на граѓаните согледана е висока согласност кај испитаниците при што 91% од испитаниците се целосно согласни, 7% имаат неутрален став и само 2% од испитаниците не се согласни. Резултатите се претставени на графиконот 3.5. Со овој резултат се оправдува актуелноста на истражувањето и се потврдува дека е суштински значајно да се истражи улогата на полицијата во насока на постигнување на превенција и заштита на населението во државата.Следно, во врска со констатацијата според која полицијата како безбедносен сектор е постојано дел од разни обуки на кои полицискиот кадар учи како да биде физички и психички подготвен да се соочи со сите безбедносни предизвици, односно, да биде умешен да се соочи со секаков вид на криминал којшто ќе се пријави и по која што пријава ќе треба да се постапи, исто така има висока согласност од 84%, наспроти 12% од испитаниците кои не се согласни со наведеното и само 4% кои покажуваат неутрален став. Резултатите се претставени на графиконот 3.6. Со овој резултат се потврдува дека полицијата во државата е добро обучена и прави напори успешно да одговори на безбедносните предизвици во државата со цел да ја држи безбедноста на населението на високо ниво.Следи констатацијата дека соочувањето со криминалот е долг и динамичен процес кој бара соработка помеѓу повеќе безбедносни единици кои треба да работат заедно и во насока на успешна превенција и сузбивање на криминалот за која според добиените

резултати на графиконот 3.7. е јасно дека 98% од испитаниците се согласни, 1% не се согласни и 1% се со неутрален став. Имено, соработката е од круцијално значење затоа што безбедносните единици во државата функционираат како еден заеднички безбедносен синџир и тешко е да се сочува безбедноста доколку безбедносните заедници не соработуваат и не си ги пренесуваат информациите. Затоа, контролните единици носат одлуки за заеднички обуки помеѓу специјалните единици со цел нивно подобро запознавање и успешна координација коешто пак е потребно за да во иднина можат да постапат заедно и професионално.Следно, согледана е висока согласност и во врска со тоа дека суштината на имплементирањето на модерната концепција на менаџментот на полициските службеници во функционирањето на безбедноста се состои во обезбедување на негова активна улога во осигурувањето, овозможувањето или помагањето при остварувањето на замислените долгорочни цели во насока на служење на граѓаните и давање на помош секогаш кога тоа им е потребно, за што согласни се 84% од испитаниците, 12% се со неутрален став и 4% покажуваат несогласување со наведената констатација. Добиените резултати се претставени на графиконот 3.8. и станува јасно дека македонската полиција се води од светските трендови и се вложува во нејзина модернизација и поголема ефикасност во работењето.Има висока согласност и во врска со тоа дека полициските единици имаат значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија што јасно се согледува на графиконот 3.12. каде 95% се изјаснети дека полицијата максимално е ангажирана и успева да воспостави ред и безбдносен мир во државата, наспроти 3% кои се со неутрален став и 2% кои покажуваат несогласување. Резултатите се претставени на графиконот 3.12.

Следната хипотеза сугерираше дека ***АНБ има значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија и истата е потврдена согласно теоретската анализа и добиените емпириски резултати.*** Присутна е констатацијата според која во Р.Северна Македонија, сочувувањето на безбедноста во голема мера се поврзува со постоењето на АНБ која од своето основање покажа видни

резултати на полето на безбедноста и за истата има поделени мислења како што може да се види на графиконот 3.9, односно, 56% се апсолутни согласни, 18% не се согласни и 26% се со неутрален став во врска со констатацијата. Притоа, имајќи предвид дека станува збор за генерално нова агенција за безбедност голема е веројатноста дека се уште недостига позитивна информираност во врска со надлежностите на истата и плановите за нејзин развој во иднина од перспектива на помагање на полициската ангажираност на полето на безбедноста.Во врска со констатацијата дека АНБ претставува самостоен орган којшто е создаден за да се постигне заштита на националната државна безбедност и притоа во исто време се цели кон обезбедување на гаранција деќа ќе постои независност, суверенитет, а на граѓаните ќе им се гарантираат слободите и правата и дека притоа, полициските службеници се обврзуваат да работат од интерес на националната безбедност на државата и се санкционираат секогаш кога не постапуваат така и има висока согласност дека АНБ врши висока контрола врз полициските единици и притоа успева да воспостави јасна граница и ограничување врз полициските работи и надлежности во државата.Следи резултатот според кој има апсолутно висока согласност во врска со тоа дека согласно одредбите на АНБ и контролата која што се врши, за сочувување на безбедноста е многу важно и ангажирањето на специјалните единици кои се обучени и подготвени, секој во полето на својата експертиза (со посебен нагласок на Единицата за брзо распоредување и Тигрите) и притоа целосно се согласни 96% и мал процент се несогласни или имаат неутрален став во врска со констатацијата. Тоа е докажано и во пракса со што голем број на сериозни безбедносни случаи се доверени токму на овие две специјални единици. Резултатите се претставени на графиконот 3.11.

Според втората помошна хипотеза ***ЕБР има значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија и истото е потврдено како со теоретското прикажување така и со добиените емпириски резултати.*** Следи дека ЕБР оддава влијание врз намалувањето на криминалитетот во државата преку воспоставување и одржување на јавен ред и мир при немири и

демонстрации, спровод на лица барани со локални и меѓународни потерници, анти-терористички акции и сите останати подфати од висок ризик, обезбедување на домашни и странски ВИП личности и давање асистенции на сите институции во Р.М. и со оваа констатација се согласни 87% проценти од испитаниците, додека останатите се со неутрален став или пак не се согласни (според добиените резултати претставени на графиконот 3.13).Во однос на ЕБР, добиен е резултатот дека оваа специјална единица има значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија и тоа се докажа со резултатите на графиконот 3.14. каде јасно се согледува согласност од 89% наспроти 8% неутрален став и 3% несогласување од страна на испитаниците. Имено, ЕБР низ годините зад себе има голем број на сложени безбедносни активности поврзани со јавниот ред и мир во државата од коишто зависела моменталната ситуација, на пример политичките случувања и немирите поради незадоволството, присутни кај населението во државата.

Според третата помошна хипотеза сугерирано е дека *Тигрите имаат значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија и истото е потврдено и теоретски и емпириски.* Присутна е целосна согласност од 98% во врска со тоа дека Тигрите оддаваат влијание врз намалувањето на криминалитетот во државата преку планирање и извршување најсложени задачи во борба против тероризмот, решавање заложнички ситуации и ситуации со забарикадирани опасни лица, апсење криминалци и криминални групи, решавање ситуации во случај на пружање отпор со огнено оружје, обезбедување загрозени ВИП личности и објекти, давање асистенција во борбата против организираниот криминал, спасувачки мисии во високопланински и други недостапни терени и обука и едукација на кадри, наспроти 2% кои имаат неутрален став во врска со констатацијата. Сублимирано, има висока согласност од 97% за тоа дека тигрите имаат значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија. Тоа е докажано и во пракса имајќи предвид дека тигрите се главна специјална единица која што успешно има одговорено на бројни безбедносни предизвици врзани со тероризам и друг вид

на сериозни безбедносни напади. Резултатите се прикажани на графиконот 3.16.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Согласно презентираното, се заклучи дека полицијата во Република Северна Македонија долги години наназад успешно се соочува со предизвикот на безбедноста, односно предизвикот успешно да се влијае на сочувувањето на безбедноста на работењето и дејствувањето на граѓаните коишто својата доверба ја имаат дадено на безбедносните сили. Во структурите на безбедносните единици постојано се вршат перспективни анализи за тоа што може да се случи, кои видови на криминал имаат потенцијал на раст и поради кои причини би дошло до тоа. Притоа, се води контрола и следење на познати сторители на криминални дејствија кои се ризични од повтор и за кои полицијата има најава дека се во фаза на организирани криминални дејствија.Сето наведено јасно укажува дека полицијата во Р.Северна Македонија е специфична по одговорностите, експертизата и надлежностите (за кои е особено важно да се нагласи дека доколку правно и со закон не се уредени, често доаѓа до судир кога треба да се постапи по пријава). Притоа, за да безбедносните единици функционираат професионално, неопходно е полициските службеници постојано да бидат дел од обуки на кои се стекнуваат со нови искуства, знаења и вештини кои се потребни за да во иднина успешно се соочат со криминалните дејствија кои се сериозен проблем во македонското општество, иако во јавноста недоволно се говори на таа тема за да не се предизвика паника и страв кај населението.

Се заклучи и дека криминалитетот е појава утврдена со закон поради што секоја земја има одреден број на забранети однесувања, квантитативни и квалитативни димензии на криминализација во своето законодавство и заедничко за сите држави е тоа што постојано прават различни напори за да успеат во тоа да го превенираат и сузбијат криминалитетот и свесни се дека постојат одредени форми на криминално однесување кои се закануваат не само на една земја туку и на целата меѓународна заедница. Примери за тоа се геноцид, воени злосторства извршени врз цивилното население, ранети и заробени лица итн. Притоа, од криминалитетот се засегнати сите држави и

нема исклучпци. Криминалитетот е феномен кој е присутен и во малите општества кои се во развој иако навидум се верува дека се премногу мали и дека има воведено контрола поради тоа што е лесно да се следат и контролираат движењата и активностите. Статистиката пак говори дека криминалитетот се појавува во поголема и позагрижувачка форма и како таква доведува до зголемување на степенот на загриженост кај граѓаните, бидејќи тие се сметаат за загрозени и чувствуваат страв за себе и за своите семејства.

Следно, се заклучи дека според претставените статистички податоци, стапката на вкупен криминалитет расте во периодот 2010-2013 год., и потоа бележи пад во следниот период се до 2018-та год., кога повторно доаѓа до зголемување на криминалитетот. Притоа, најголемиот дел на кривичните дела се дел од класичниот криминалитет, потоа кривични дела од недозволена трговија, кривични дела од економски криминалитет и кривични дела од организиран криминал.Важно е да се констатира дека иако низ годините се создадени нови полициски единици за соочување со криминалигтетот сепак истиот е во пораст (иако тој не е континуиран и трпи варијации) и со тоа е нарушена безбедноста на граѓаните во државата што треба да биде приоритет и која треба да биде гарантирана. За таа цел, во продолжение на трудот направена е конструктивна анализа за влијанието на полицијата врз соочувањето со криминалитетот, елаборирајќи ги важните промени и оперативните активности на полициските единици.

Практично, улогата на безбедносните структури во борбата против криминалот е истражена и во претходни истражувања од областа. Поради потребата од повикување на студии со кои се докажува влијанието на ефикасноста на полицијата врз откривањето и превенцијата на криминалот во продолжение елаборирани се постоечки релевантни истражувања од областа.Полицијата е сектор кој успева да ја сочува безбедноста на граѓаните во Република Северна Македонија, а постојаниот напредок во редовите на полицијата, овозможува да се создадат услови за слободно движење и работење на граѓаните. Овој безбедносен сектор е постојано дел од разни обуки на кои полицискиот кадар учи како да биде физички и психички подготвен да се соочи

со сите безбедносни предизвици, односно, да биде умешен да се соочи со секаков вид на криминал којшто ќе се пријави и по која што пријава ќе треба да се постапи.

Следствено на тоа, се заклучи дека од големо значење се полициските службеници. Инвестирањето во полициските службеници е сложен процес и ги опфаќа сите елементи коишто предизвикуваат трансформација кон подобро притоа обезбедувајќи поголема квалификација со помош на создавање на искуства и знаења, коишто се добиваат при процесот на обучување, прилагодување кон современите безбедносни услови (како на пример заканата од нови пожари) За да се инвестира во полициските службеници се потребни време, стручност и финансиски средства. Инвестирањето во полициските службеници како потреба се појавува поради следните аргументи: зголемување на загрозената безбедност, континуираните промени во техниката, технологијата, организацијата и управувањето, демографските тенденции, застарувањето на знаењата и вештините на луѓето и слично. Инвестирањето во полициските службеници речиси секогаш резултатира со продуктивност на државно безбедносно ниво. Односно, вложените средства зависат правопропорционално со крајниот резултат и од тука произлегува дека колку поголеми се инпутите толку попродуктивен е аутпутот. Во овој случај, инпутите се почетните средства коишто го формираат финалниот продукт, продуктивниот човечки ресурс - полициските службеници.

Со анализата на законската рамка се дојде до заклучокот дека полицијата во Р.Северна Македонија игра важна улога за сочувувањето на мирот, безбедноста и поредокот во државата и без нејзиното присуство не е можно државата да биде безбедносно стабилна и да се гарантира слободата, мирот и сигурноста кај населението. Сепак, треба да се има во предвид дека значењето на полицијата е сеопфатно и вклучува бројни безбедносни активности, поради што особено важно е истражувањето да биде конкретизирано, а во овој случај истражувањето е насочено кон анализа на специјалните полициски единици во државата кои се докажано клучен фактор во борбата со соочување со криминалот во државата.

Се заклучи дека криминалот како сериозна општествена, социјална појава во државата не може да се сузбие, да се постапи, ниту пак да се превенира доколку се слаби безбедносните структури во државата. Затоа, суштински важно е да се објасни дека соочувањето со криминалот е ланец, алка која поврзува повеќе безбедносни единици односно, Бирото за јавна безбедност, Одделението за специјални полициски операции, Полициската единица за поддршка и други единици. Во пракса, откако ќе се случи криминалитет или откако ќе настане сомнение дека може да дојде до некое криминално дело, се носи одлука дали неговата тежина одговара на некоја конкретна полициска единица. Оттука, Бирото за јавна безбедност и Одделението за специјални полициски операции носат одлука каде ќе се распредели предметот и потоа командантите кои ги добиваат делата ги назначуваат одговорните командири на специјалните единици, па оттука согласно нивните надлежности се одлучува дали операцијата ќе ја вршат Тигрите или ЕБР. Дополнително, важна улога има и Полициската единица за поддршка. Следствено, по завршувањето на акцијата, фатеното лице се носи во подрачна полициска станица и потоа ОЈО постапува согласно надлежностите.

Во однос на АНБ се заклучи дека во Р.Северна Македонија, сочувувањето на безбедноста во голема мера се поврзува со постоењето на АНБ која од своето основање покажа видни резултати на полето на безбедноста. АНБ претставува самостоен орган којшто е создаден за да се постигне заштита на националната државна безбедност и притоа во исто време се цели кон обезбедување на гаранција дека ќе постои независност, суверенитет, а на граѓаните ќе им се гарантираат слободите и правата. Притоа, полициските службеници се обврзуваат да работат од интерес на националната безбедност на државата и се санкционираат секогаш кога не постапуваат така.Согласно одредбите на АНБ и контролата која што се врши, за сочувување на безбедноста е многу важно и ангажирањето на специјалните единици кои се обучени и подготвени, секој во полето на својата експертиза (со посебен нагласор на ***Единицата за брзо распоредување*** и ***Тигрите)***.Разликата помеѓу ЕБР и Тигрите главно се состои во тоа што ЕБР ги врши сите безбедносни активности поврзани со

јавниот ред и мир и служи како поддршка на Тигрите во некои посложени безбедносни активности.За Тигрите е карактеристично тоа што се специјална единица која се залага против тероризмот, но исто така нуркачките екипи вршат активности кон спасување на давеници, алпинистичките групи вршат активности поврзани со барање на завеани лица, групите за ВИП обезбедување вршат активности поврзани со обезбедување на ВИП личности и сл., додека пак особено важно е да се споменат и тимовите за потраги, снајперските тимови и тимовите за напад.

Согласно добиените резултати се дојде до заклучокот дека п*олициските единици имаат значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија*. АНБ има значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија. ЕБР има значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија. Тигрите имаат значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Бержетска, С. (2011) Лишување од слобода-магистерски труд, Правен факултет, Скопје,
2. Бужаровска,Г. (2008) Компаративно истражување на решенијата за забрзување и поедноставување на казнената постапка, МРКК, бр. 1/2008
3. Buzarovska,G. (2009) Reform of the Criminal Procedure, Collection of papers from the Project on Fight against Organized Crime by the Public Prosecutor's Office, Skopje/Ohrid, p.13
4. Gluscic,S. (2008) Pre-investigative Procedure in the Republic of Macedonia as the basis for reform of the new Law on Criminal Procedure, MRCLC, 15, no. 1,
5. Grubac,M. (2006) Predistražni postupak u Republici Hrvatskoj kao osnova za reformu u novom Zakonu o kaznenom postupku, МРКПК, год. 15, бр. 1,
6. Grubac,M. (2006) Review of the draft "new" Law on Criminal Procedure, in XVIII Law Seminar: New penal legislation – dilemmas and problems in theory and practice, prepared by: Dobrivoje Radovanović, Institute of Criminological and Sociological Research – Belgrade/Higher School of Internal Affairs – Zemun, Budva, str. 13-17
7. Grubac,M. (2006) Krivično procesno pravo, Pravni fakultet, Univerzitet Union, Beograd,
8. Женевски центар за демократска контрола на вооружените сили, (2000 Прирачник за полициски интегритет, Валеур, Словачка, стр. 25
9. Закон за полиција, Службен весник на Република Македонија“ бр.41/14
10. Илиќ,Д. (2009) Реформата на истрагата во Република Северна Македонија, магистерски труд, Правен факултет, Скопје,
11. Jovcevski,J. (2009) Special investigative measures in the criminal legislation of the Republic of Macedonia, MRCLC, no. 2,
12. Калајџиев,Г. (2008) Новите односи меѓу полицијата, јавното обвинителство и судот во претходната постапка, МРКПК, бр. 1,
13. Калајџиев,Г. (2010) Позначајни концепциски разлики во реформата на истрагата во Хрватска и Република Северна Македонија, достапно на

file:///C:/Users/Acer/Downloads/Zbornik_PFZ_2_2011_Kalajdziev%20(1).pdf

14. Калајџиев,Г. (2008) Преуредување на претходната постапка во Република Северна Македонија, МРКПК, бр. 2/3,
15. Калајџиев,Г. (2009) Формирање,организација и функционирање на правосудната полиција и на истражните центри на јавното обвинителство, достапно на http://maclc.mk/Revii/2009/Kalajdziev_Ilic.pdf
16. Krapac, D. (2007) Reform of the mixed penal procedure: Complete replacement of the procedural model or changing preliminary proceedings into a party-driven procedure?, Collection of works of the Faculty of Law ”Justinian I” in Skopje. Collection of works of the Faculty of Law in Zagreb, str.33-39
17. Mathias,E. (2007) The balance of powers between the police and the public prosecutor, Delmas Marty Spencer,
18. Mathias,A. (2002) во Delmas,M. (2002) European Criminal Procedures, Cambridge University Press, Cambridge
19. МВР (2012) Прирачник за закон за кривична постапка, Скопје, стр. 34-38
20. Novosel,D. (2008) Tijek kaznenog postupka - kazneni progon i istraga, во: Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu (HLKPP), Vol. 15 Br.2,
21. Osce (2011) Прирачник за практичари, Скопје, стр.35-62
22. Pavlicek,J. (2009) Uloga istražitelja u kaznenom postupku, во Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu, Vol. 16, Br. 2,
23. Правилник за вршење на работите на МВР (2007) МВР, Скопје
24. Профити,П. (2009) Нов однос помеѓу полицијата и јавното обвинителство, во: Collection of texts, Twinning project: Fight against organized crime and corruption unit – Public Prosecutor’s Office, ISISC, Ohrid
25. „Сл. Весник на Р.Северна Македонија“ бр. 150 од 18. 11. 2010год. Закон за кривична постапка, достапно на http://polis.osce.org/library/f/4100/3822/OSCE-MKD-TRN-4100-MK-3822.pdf

26. Стојановски,Т. (2006) Критички осврт кон Законот за полиција, Билтен бр. 1,ФИООМ, Скопје
27. Vitlarov, T. (2005) System Analysis of the Legal Framework and Cooperation Between Competent Institutions in the Fight against Organized Crime, FOSIM, Skopje, p. 111

Дополнително консултирани интернет извори:

28. https://www.mkd.mk/makedonija/politika/za-20-godini-ebr-prerasna-vo-edinica-obuchena-rechisi-do-sovrshenstvo-za (10.10.2022)
29. http://www.anb.gov.mk/ (10.10.2022)
30. https://mvr.gov.mk/default (10.10.2022)

ПРИЛОЗИ

Прилог 1: ПРАШАЊА ЗА ИНТЕРВЈУ СО ЕКСПЕРТИ ВО ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Почитувани, вие сте селектирани како експерт во областа на безбедноста во Република Северна Македонија и со пополнување на прашањата за интервју ќе придонесете кон добивање на научно релевантни податоци потребни за истражувањето на кандидатот Мики Ивановски кој е во фаза на изработка на магистерскиот труд со наслов ,,Улогата на полицијата во откривање или превенција на криминалитетот со посебен осврт кон примената на полициските овластувања" под менторство на проф. д-р Васко Стамевски при Постдипломските студии по казнено право на Меѓународниот Славјански Универзитет во Свети Николе.

1. *Која е улогата на полицијата на Р.Северна Македонија во откривање или превенција на криминалитетот со посебен осврт на примената на полициските овластувања?*

---

2. *Дали полицијата има видно влијание врз сочувувањето на безбедноста во државата? Доколку одговорот е ДА, образложете зошто и како.*

---

3. *Дали полицијата има видно влијание врз превенцијата на криминалитетот во државата? Доколку одговорот е ДА, образложете зошто и како.*

---

4. *Дали полицијата има видно влијание врз сузбивањето/постапувањето на криминалитетот во државата? Доколку одговорот е ДА, образложете зошто и како.*

---

5. *Зошто АНБ има трансформациска безбедносна улога?*

---

6. *Како ангажирањето на специјалните единици влијае врз унапредување на безбедноста во државата?*

Прилог 2: АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА УЛОГАТА НА ПОЛИЦИЈАТА ВО ОТКРИВАЊЕ ИЛИ ПРЕВЕНЦИЈА НА КРИМИНАЛИТЕТ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ПРИМЕНАТА НА ПОЛИЦИСКИТЕ ОВЛАСТУВАЊА

Почитувани, вие сте селектирани како експерт во областа на безбедноста во Република Северна Македонија и со пополнување на акнетниот прашалник ќе придонесете кон добивање на научно релевантни податоци потребни за

истражувањето на кандидатот Мики Ивановски кој е во фаза на изработка на магистерскиот труд со наслов ,,Улогата на полицијата во откривање или превенција на криминалитетот со посебен осврт кон примената на полициските овластувања" под менторство на проф. д-р Васко Стамевски при Постдипломските студии по казнено право на Меѓународниот Славјански Универзитет во Свети Николе.

Демографски податоци за испитаниците:

Пол:

-машки

-женски

Возраст:

-18 до 25 години

-26 до 36 години

-повозрасни од 37 години

Степен на образование:

-средно образование

-високо образование

-магистерски/докторски студии

Работен стаж во полициските единици на РМ:

-помалку од 10 години

-помеѓу 10 и 20 години

-повеќе од 20 години

1. Полицијата е сектор кој успева да ја сочува безбедноста на граѓаните во Република Северна Македонија, а постојаниот напредок во редовите на

полицијата, овозможува да се создадат услови за слободно движење и работење на граѓаните.

Да
Не
Неутрален став

2. Полицијата како безбедносен сектор е постојано дел од разни обуки на кои полициискиот кадар учи како да биде физички и психички подготвен да се соочи со сите безбедносни предизвици, односно, да биде умешен да се соочи со секаков вид на криминал којшто ќе се пријави и по која што пријава ќе треба да се постапи.

Да
Не
Неутрален став

3. Соочувањето со криминалот е долг и динамичен процес кој бара соработка помеѓу повеќе безбедносни единици кои треба да работат заедно и во насока на успешна превенција и сузбивање на криминалот.

Да
Не
Неутрален став

4. Суштината на имплементирањето на модерната концепција на менаџментот на полициските службеници во функционирањето на безбедноста се состои во обезбедување на негова активна улога во осигурувањето, овозможувањето или помагањето при остварувањето на замислените долгорочни цели во насока на служење на граѓаните и давање на помош секогаш кога тоа им е потребно.

Да
Не

Неутрален став

5. Во Р.Северна Македонија, сочувувањето на безбедноста во голема мера се поврзува со постоењето на АНБ која од своето основање покажа видни резултати на полето на безбедноста.

Да
Не
Неутрален став

6. АНБ претставува самостоен орган којшто е создаден за да се постигне заштита на националната државна безбедност и притоа во исто време се цели кон обезбедување на гаранција деќа ќе постои независност, суверенитет, а на граѓаните ќе им се гарантираат слободите и правата. Притоа, полициските службеници се обврзуваат да работат од интерес на националната безбедност на државата и се санкционираат секогаш кога не постапуваат така.

Да
Не
Неутрален став

7. Согласно одредбите на АНБ и контролата која што се врши, за сочувување на безбедноста е многу важно и ангажирањето на специјалните единици кои се обучени и подготвени, секој во полето на својата експертиза (со посебен нагласок на Единицата за брзо распоредување и Тигрите).

Да
Не
Неутрален став

8. Полициските единици имаат значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија.

Да
Не
Неутрален став

9. ЕБР оддава влијание врз намалувањето на криминалитетот во државата преку воспоставување и одржување на јавен ред и мир при немири и демонстрации, спровод на лица барани со локални и меѓународни потерници, анти-терористички акции и сите останати подфати од висок ризик, обезбедување на домашни и странски ВИП личности и давање асистенции на сите институции во Р.М.

Да
Не
Неутрален став

10. ЕБР има значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија.

Да
Не
Неутрален став

11. Тигрите оддаваат влијание врз намалувањето на криминалитетот во државата преку планирање и извршување најсложени задачи во борба против тероризмот, решавање заложнички ситуации и ситуации со забарикадирани опасни лица, апсење криминалци и криминални групи, решавање ситуации во случај на пружање отпор со огнено оружје, обезбедување загрозени ВИП личности и објекти, давање асистенција во борбата против организираниот криминал, спасувачки мисии во високопланински и други недостапни терени и обука и едукација на кадри.

Да
Не

Неутрален став

12. Тигрите имаат значајно влијание врз превенцијата и сузбивањето на криминалот во Р.Северна Македонија.

Да
Не
Неутрален став

Ви благодариме за пополнување на анкетниот прашалник.

За увид во резултатите, контактирајте го испраќачот на анкетниот прашалник.